

**Зоран Милановиќ**
*по втор пат*
**претседател на Република Хрватска**



**Интервју со проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска:**
**Светските трендови во македонската книжевност и уметност**

# МАКЕДОНСКИ ГЛАС


Година XXXII 2024.

НОЕМВРИ - ДЕКЕМВРИ
STUDENI - PROSINAC

БРОЈ
**152**

ISSN 1333-7769





**Самобор: Јубилеј исполнет со емоции, култура и сеќавање**

**Презентација на новите Критериуми од Советот за националните малцинства на РХ**





NOVO



# Kapi za oči s **OBNAVLJAJUĆIM i ZAŠTITNIM UČINKOM**

KAPI ZA OČI

s 0,4% UMREŽENOM HIJALURONSKOM KISELINOM

BEZ KONZERVANSA

## PROCULIN® TEARS ADVANCE + BEZ KONZERVANSA




**PROCULIN® TEARS ADVANCE +** kapi za oči koriste se za umirenje očiju kod crvenila, nelagode ili umora očiju ili očne sluznice kao posljedica:

- **VANJSKIH ČIMBENIKA**
  (klima uređaji, prekomjerna izloženost sunčevom zračenju, vjetru, dimu, onečišćenju, dodir s morskom ili bazenskom vodom i suhom soli)
- **SUHOĆE OČIJU**
  zbog pretjeranog umora uzrokovanog dugotrajnim radom na računalu ili učenjem
- **ANOMALIJE SUZNOG SUSTAVA KAO POSLJEDICA:**
  - upale ili kroničnog blefaritisa (upale vjeđa)
  - operacije oka druge prirode ili estetske operacije kapaka
- **NOŠENJA KONTAKTNIH LEĆA**



Za oftalmološku upotrebu.
Ne sadrži konzervanse.
Prikladno za kontaktne leće.
Proizvod se može koristiti 3 mjeseca nakon prvog otvaranja.

CE 0051 MD

ALKALOID
*Health above all*

Prije upotrebe pažljivo pročitajte uputu o proizvodu.
Svaki ozbiljan neželjeni učinak koji se dogodi u vezi s proizvodom potrebno je prijaviti proizvođaču i nadležnom tijelu države članice u kojoj boravite.

OGL-338-01-01-2024-HR

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

### Агол на уредникот
### Urednikov kutak



Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Будем Конзалтинг д.о.о.
Превод и лектура: Лидија Георгиева
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Милена Златеска
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Гордана Квајо – Риека
Антонела Галиќ – Задар
Марта Жаја – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo je glasilo izrađeno uz financijsku podršku Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske. Sadržaj ovog glasila u isključivoj je odgovornosti Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj i ni pod kojim se uvjetima ne može smatrati kao odraz stajališta Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zmurh.hr@gmail.com
За издавачот: Илија Христодулов
Печат: „Мпринт“ – Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete Republike Hrvatske, Sektor informiranja, Ur.broj 389-03-5/2-93-01/343, dana 14.07.1993. godine.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske, Ur.broj 532-03-1/7-94-01, od 10.05.1994. godine, ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# Нови надежи и очекувања

Со почетокот на новата година, сите ние носиме нови надежи, планови и очекувања за подобро утре. Во духот на оваа традиција, „Македонски глас“ и понатаму ќе биде ваш верен сојузник во зачувувањето на македонската традиција, култура и јазик, овде во Република Хрватска. Нашата заедница продолжува да расте и да се развива, а ова списание останува отворена платформа за вашите приказни, идеи и иницијативи.

На почетокот на 2025 година, Хрватска го избра својот старо-нов претседател, Зоран Милановиќ. Неговиот избор значи континуитет во политиката на државата, но и можност за продлабочување на соработката меѓу нашите заедници. Како Македонци, кои со децении придонесуваат за хрватското општество, продолжуваме да бидеме активен дел од оваа приказна, градиме мостови на разбирање и пријателство, а со тоа ја јакнеме и нашата позиција како малцинска заедница.

Минатата година донесе многу предизвици, но и успеси. Ги одбележавме важните јубилеи на македонската култура и организиравме настани што ги зближија нашите луѓе. Новата година ни носи нови проекти – од културни манифестации, преку едукативни програми, до соработка со други малцински заедници во Хрватска.

Нашата визија за 2025 година е јасна: уште повеќе да ги вклучиме младите во заедницата, да ја зајакнеме врската со Македонија и да создадеме платформа каде што секој Македонец ќе може да го сподели својот глас. Затоа, ве повикуваме сите вас – нашите читатели, поддржувачи и соработници – да ни се придружите во ова патување.

Со нови идеи, заеднички сили и неуморна енергија, можеме да ја направиме 2025, година на нови достигнувања за Македонците во Хрватска.

Во ова прво издание во годината, ќе се осврнеме на значајните настани од изминатата година и ќе ја споделиме нашата визија за 2025. Со надеж за мир, просперитет и културен напредок, ги повикуваме сите наши читатели да продолжат да го поддржуваат и да учествуваат во работата на „Македонски глас“. Заедно можеме повеќе!

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Зоран Милановиќ по втор пат избран за претседател на Република Хрватска



**_Зоран Милановиќ е повторно избран за претседател на Република Хрватска, освојувајќи го својот втор мандат на оваа висока функција_**

Во изборите кои го привлекоа вниманието на целата јавност, Зоран Милановиќ ја доби довербата на мнозинството граѓани, што го зацврсти неговиот статус како еден од највлијателните политички лидери во земјата. Во своето победничко обраќање, Милановиќ изрази благодарност кон сите гласачи и повторно ја нагласи својата посветеност кон демократијата, правната држава и правата на сите граѓани. Тој им се заблагодари и на националните малцинства за нивната поддршка и придонес во градењето на хрватското општество, истакнувајќи дека Хрватска е нивна татковина и секогаш ќе биде.

## Предизвици

Милановиќ истакна дека ќе продолжи да работи на унапредување на меѓународниот статус на Хрватска, како и на решавање на внатрешните предизвици со кои се соочува земјата, за што ќе биде потребна соработка со Владата на РХ.

Мандатот на Милановиќ во претходните пет години беше обележан со фокус на независноста на институциите, заштитата на човековите права и директната комуникација со граѓаните. Со повторниот избор, граѓаните испратија порака дека го поддржуваат неговиот стил на лидерство и визијата за иднината на земјата.

Со вториот мандат, Зоран Милановиќ ќе продолжи да игра клучна улога во обликувањето на политичкиот и општествениот курс на Хрватска, како и во унапредувањето на нејзината улога во Европската унија и регионот.

Изборите се одржаа во атмосфера на висока политичка поларизација, но Милановиќ успеа да привлече поддршка од широк спектар на гласачи со својата кампања базирана на транспарентност и критика на популизмот.

## Дијалог

Неговите политики често се базираат на либерални и проевропски ставови, а неговата реторика е позната по директниот и неконвенционалниот пристап. Милановиќ е препознатлив и по критичките изјави кон политичките противници, но и по залагањето за поголема транспарентност и институционална стабилност.

Старо-новиот претседател најави дека ќе работи на промовирање на вредностите на отвореност, толеранција и дијалог.

Зоран Милановиќ, кандидатот на Социјалдемократската партија (СДП), беше избран за нов претседател на Република Хрватска со надмоќна предност на освоени гласови во вториот круг од претседателските избори, над Драган Приморац, кој беше кандидат на Хрватската демократска заедница (ХДЗ).

Како политичар со долгогодишно искуство, Милановиќ ја започна својата кариера како член на СДП, каде што брзо напредуваше до лидерската позиција. Тој беше премиер на Хрватска од 2011 до 2016 година, период во кој земјата стана членка на Европската унија. Во 2020 година, Милановиќ беше избран за претседател на Хрватска, каде што се позиционира како умерен и независен лидер, фокусиран на обединување на општеството и заштита на уставните вредности.

Милена Георгиевска



# Во 2025 година со широки перспективи, иновативни програми и планови



*ЗМРХ со увереност чекори напред, подготвена да се адаптира на новите предизвици и да ги претвори во можности*

Во амбиент исполнет со ентузијазам и посветеност, на 7 декември 2024 година се одржа Вонредна седница на собранието на Заедницата на Македонците во Република Хрватска во нејзиното седиште во Загреб. Тоа беше прилика за широки перспективи, иновативни програми и планови, зацврстување на целите и дефинирање на идните стратегиски насоки.

Седницата ја отвори претседателот на ЗМРХ, Илија Христодулов. Во воведното слово тој ја истакна важноста на единството и меѓусебната поддршка, и упати посебна благодарност до претседателката на МКД „Македонија“, Марта Жаја, за одличната организација на годинашната културна манифестација „Ден на ЗМРХ“ во Сплит. Се искажа благодарност и на Советот за националните малцинства на РХ за поддршката и кофинансирањето на програмите на ЗМРХ и друштвата за промовирање на македонската култура, традиција, обичаи и јазик во Хрватска.

По констатираниот кворум на делегатите, за членови на работното претседателство беа именувани Милена Златеска, Антонела Галиќ и Мирјана Мајиќ, за записничар Елизабета Петровска, а за заверувачи на записникот Виолета Штерјова и Цветко Поповски.



## Патоказ за успешна иднина

Главна тема беше разгледувањето и анализирањето на предлозите на Планот и програмата за работа и на Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2025 година, со акцент на големата важност за одржување на културниот континуитет. 2025 година ќе биде година на новости и промени. Патоказ за успешна иднина и долгорочна стабилност е вклучување на младите во работата, организирање едукативни работилници и заеднички активности, соработка со други национални малцинства, размена на искуства и идеи, како и зголемување на видливоста во пошироката јавност.

Предлозите се изготвени и се темелат на усвоените Планови на друштвата за изминатата и за оваа година. Во дискусијата договорени се корекции во финансискиот дел, па делегатите ги усвоија и со тоа ја потврдија решителноста ЗМРХ да ги надмине сите пречки и да продолжи со својата мисија.

ЗМРХ со увереност чекори напред, подготвена да се адаптира на новите предизвици и да ги претвори во можности. Претседателот Христодулов изрази благодарност за досегашната успешна взаемна работа, што ја прави ЗМРХ докажана респектабилна заедница, но и што обврзува во иднина да се работи уште повеќе и подобро, потранспарентно и поодговорно.

Собранието заврши со убави желби за претстојните празници, многу здравје и среќа во работата и животот во новата 2025 година.

Елизабета Петровска





# Опширна презентација на новите Критериуми, Упатства и интернет апликации



*Обезбедени 11 милиони евра тековни донации за реализација на програмите на малцинствата во 2025 година*

Новите Критериуми за финансирање и склучување договори за програми за остварување културна автономија на националните малцинства беа претставени на едукативниот семинар со наслов „Пријави на Јавниот повик според новите Критериуми за финансирање и склучување договори“, кој го организираше Стручната служба на Советот за националните малцинства на Република Хрватска. Семинарот се одржа на 29 ноември 2024 година во Новинарскиот дом во Загреб за здруженија и институции на националните малцинства.

Владимир Билек, претседател на Клубот на пратеници на националните малцинства, член на Советот и претставник на чешкото и словачкото малцинство во Хрватскиот сабор, со поздравен говор ги запозна учесниците со содржината на семинарот.

## Позитивни промени

Во своето воведно обраќање, претседателот на Советот, Тибор Варга, ги информираше присутните за новообјавените Критериуми, кои во себе содржат одредени позитивни промени во однос на претходните. Тој се осврна на новата постапка за интернет аплицирање на програмите за остварување културна автономија преку Јавниот повик.

Како составен дел од Критериумите, Упатствата за пријавување во 2025 година детално ќе ги разработуваат условите и постапката за спроведување на Јавниот повик, прецизирајќи ги оние содржини кои не спаѓаат во програмите на издаваштво, информирање, културен аматеризам и културни манифестации, како и билатерални договори, и истите ќе бидат достапни на веб-страницата на Советот.



Притоа, претседателот Варга најави дека средствата во Државниот буџет на Република Хрватска за 2025 година, за реализација на програмите на малцинствата, се зголемени за околу 13% во споредба со минатата година, односно тековните донации изнесуваат 11 милиони евра, што е значаен поттик за здруженијата и институциите во понатамошната успешна и ефикасна работа.

## Примери и практични решенија

Заменичката на претседателот на Стручната служба на Советот, Ида Балиќ, детално излагаше за новостите во Критериумите и за постапката за аплицирање на програмите. Таа посочи некои примери и практични решенија со цел да се избегнат грешките кои континуирано се јавуваат при спроведувањето на процедурата, а даде и одредени насоки за проверка на уредниот прием на конечната пријава, што се врши преку апликацијата.

Меѓу другото, Балиќ укажа и на важноста за одговорно планирање и распределба на финансиските средства, како и на конкретноста при изборот на видот на програмата која се пријавува и нејзината класификација под одредена категорија. Дадените информации беа корисни и од значајна помош за идната работа на здруженијата и институциите.

Од Заедницата на Македонците во Република Хрватска на семинарот беа присутни Елизабета Петровска, Антонела Галиќ, Милена Златеска, Борис Трајановски, Мирта Гало, Ивона Дуноски Митев и Јасмина Јовиќ.

## Семинар и за извештаи

Завршно се дискутираше и за извештаите. Претседателот Варга во кратки црти потсети на некои важни одредници за поднесување



на претстојниот годишен извештај за 2024 година, што ќе се врши според одредбите од старите Критериуми. Во наредниот период тој најави и одржување на нов семинар организиран од Стручната служба на Советот за поднесување извештаи од здруженијата и институциите според новите Критериуми.

Планираната цел на семинарот беше постигната преку опширната презентација придружена со примери од практиката и ефективните одговори на низа прашања упатени од учесниците, меѓу кои беа активни и членовите на ЗМРХ. Стручната служба на Советот и понатаму ќе стои на располагање на здруженијата и институциите на малцинствата во врска со било какви прашања, а со цел да се обезбеди навремена поддршка и соодветни упатства.

Елизабета Петровска

# Усвоен нацрт-предлогот на новите Критериуми од Советот

***Поминати се осум години од донесувањето на последните Критериуми и Методологија, заедно со низа измени и дополнувања кои беа донесени во меѓувреме***



Во периодот од 25 септември до 24 октомври 2024 година, Советот за националните малцинства на Република Хрватска изврши консултација со заинтересираната јавност за нацрт-предлогот на новите Критериуми за финансирање и склучување договори за програми за остварување културна автономија на националните малцинства, за што беше објавен и извештај.

Ова беше на дневниот ред на 108. седница на Советот, која се одржа на 7 ноември 2024 година во просториите на „Бански двори“ при Владата на РХ. За спроведената јавна консултација говореше заменичката на претседателот на Стручната служба на Советот, Ида Балиќ. Таа посочи дека неколку здруженија дале свои забелешки и предлози, а некои од нив се прифатени.

## Поконцизни и појасни правила

Претседателот на Советот, Тибор Варга, потенцираше дека се поминати осум години од донесувањето на последните Критериуми и Методологија, заедно со низа измени и дополнувања кои беа донесени во меѓувреме. За да бидат правилата поконцизни и појасни, конечно е направен новиот нацрт-предлог, а деталите ќе бидат разработени во Упатствата за Јавниот повик за кофинансирање на програми, кој ќе се објави на 1 декември и ќе трае до крајот на годината. Исто така, го најави и одржувањето на семинарот за 29 ноември, за примена на новите интернет апликации. Притоа, тој изрази благодарност на тимот од Стручната служба кој работеше на изготвувањето на нацрт-предлогот, како и на предлозите на здруженијата и на Клубот на парламентарните пратеници на малцинствата.



Членовите на Советот едногласно го усвоија нацрт-предлогот на новите Критериуми кои ќе се применуваат од 2025 година. Станува збор за програми на здруженија и институции на националните малцинства од областа на информирањето, издаваштвото, културниот аматеризам и културните манифестации.

На седницата беа усвоени Комисијата за отворање пријави на предлози за програми поднесени на Јавниот повик за 2025 година и Комисијата за распределба на средства на здруженијата и институциите на националните малцинства за 2025 година, како и барањата за пренамена на средства на неколку здруженија.

Елизабета Петровска

# Светските трендови во македонската книжевност и уметност

*Со проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, разговараме за трендовите во современата култура и уметност, за глобализацијата и зачувувањето на националните јазици, за улогата на филологијата во зачувувањето на македонскиот јазик...*



Проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска е писателка и професорка која сестрано е вградена во македонската книжевност и култура и како творец и како едукатор, но и како научник. Во септември 2024 година учествуваше во културната манифестација „Денови на македонската култура“ во Шибеник, каде говореше за трендовите во современата култура и уметност. Исто така, пред хрватската јавност ја промовираше книгата „Градоначалникот на Хипнополис“ чиј автор е заедно со проф. д-р Владимир Мартиновски.

**Какви се современите трендови во македонската книжевност и уметност?**

Македонската книжевност и уметност како дел од европскиот (и светскиот) културен ареал ги следат современите трендови и воопшто не се разликуваат од која било друга литература/уметност во регионот и пошироко. На книжевен план, имам впечаток дека последниве години *романот* е доминантен книжевен вид, барем ако се суди според бројноста на дела кои конкурираат за најголемите награди кај нас – „Роман на годината“ на Фондацијата „Славко Јаневски“, „Рациново признание“ или наградата „Стале Попов“ на Друштвото на писателите на Македонија. Во прилог на ова се и неколкуте книжевни фестивали од меѓународен карактер во чијшто фокус е, исто така прозата, како на пример, „Про-за Балкан“ (на издавачката куќа „Прозарт медиа“) или „Букстар“ (на „Антолог“). Но, тука се и фестивалот на куса проза „Друга приказна“ (во организација на издавачката куќа „Темплум“), како и книжевно-мултимедијалниот фестивал „Art Area“ (на „Бегемот“). Жанровски, мислам дека се пишуваат од реалистични (документаристичката проза е во подем) – до „квир“ романи, од фантастични и научно-фантастични – до некој вид визуелно-авантуристички романи, или од (авто)биографска фикција – до историографска метафикција. Жанровскиот хибрид е, исто така, специфика на нашето време. *Поезијата*, за жал, како да е на маргини, иако го имаме најстариот меѓународен поетски фестивал „Струшки вечери на поезијата“, а во најново време, и „Скопскиот поетски фестивал“ – покренат на иницијатива на група млади автори. По неколку годишната популарност на хаику поезијата и другите јапонски форми посебно меѓу младите, денес замав добива и слем поезијата, како еден перформативен облик со интерактивен и интермедијален карактер. Генерално, имам впечаток дека фестивалскиот карактер на книжевноста и уметноста е во тренд, особено по „ковид“ кризата; како публиката да е желна за дружење и комуникација „во живо“. Оттаму, и постоењето на многубројни фестивали – стари и нови – буквално во сите домени на културата кај нас: „Скопскиот филмски фестивал“, „Филозофскиот филмски фестивал“ (единствен од ваков вид во регионот), „Флипбук филм фестивал“ – фестивал на анимираниот филм, сè до најмладиот – „Стрип Трип“ фестивал. Да не ги заборавиме и веќе реномираните „Скопскиот џез фестивал“ кој постои од 1982 г., студентскиот фестивал „Скомрахи“ на Факултетот за драмски уметности кој ги обединува факултетите и академиите од регионот, како и меѓународниот театарски фестивал „РУТА“. Македонската културна (книжевна и уметничка) сцена е многу жива. Во оваа пригода, не им обрнав посебно внимание на ликовните изложби, ниту пак на списанијата (во печатена и во електронска форма), но и нив ги има во голем број. Она што, за жал, морам да го нагласам е отсуството на културата во медиумите (особено на ТВ, но и во дневниот печат) – таму, со ретки исклучоци, на прво место е политиката.

## Грижа за јазикот

**Кои се Вашите главни области на истражување и предавање? Што Ве привлекува, кон теми?**

Како компаратистка по образование и вокација, главна област на истражување ми е компаративното промислување на книжевните феномени, односно дијалогот меѓу одделни автори, книжевности и култури. Посебно книжевно љубопитство негувам кон фантастиката и



*„Денови на македонската култура“ во Шибеник*

модерната (европска и светска) поезија, веројатно како плод на моето научно занимавање со овие феномени – мојот магистерски труд се однесуваше на фантастичниот расказ во македонската литература, а докторската теза – на симболистичките и надреалистичките импулси во современата македонска поезија. Разбирливо, моите области на истражување се во синергија со предметите што ги предавам на Катедрата за општа и компаративна книжевност: романтизам, симболизам, авангарда и постмодернизам. Што ме привлекува кон овие теми? Па тие се сè уште провокативни и интересни за проучување. Она што е универзално и естетски вредно од романтизмот (тука влегува и фантастиката), симболизмот или надреализмот, секако дека наоѓа плодотворна почва и кореспондира и со нашето современо време. Да не звучам конзервативно, ама верувам дека наследството на споменатите правци и тенденции, на свој специфичен начин, успеало да се вгради во современите книжевни текови, иако нивниот историски период е одамна завршен. Секако модифицирано и во духот на времето.

**Како гледате на улогата на филологијата во зачувувањето и промовирањето на македонскиот јазик и култура?**

Неспорна е примарната улога на филологијата во зачувувањето и промовирањето на македонскиот јазик и култура. Позната е онаа култна изјава на доајенот на македонскиот јазик, литература и култура, Блаже Конески, патронот на скопскиот Филолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, дека „јазикот е нашата единствена татковина“. Јазикот се негува од најмали нозе, а грижата за него трае во текот на целиот живот. Придонесот на филологијата како наука е видлив не само преку едукацијата, туку и преку лектурата, преводот, оригиналното творештво...

## Глобализација и интернационализми

**Како глобализацијата влијае врз зачувувањето на националните јазици, вклучувајќи го и македонскиот?**

Јазикот е жива материја и нормално е да биде во дослух со времето и со промените што ги носи. Глобализацијата придонесува за збогатување на секој национален јазик, вклучувајќи го и македонскиот, со интернационализми. Особено доминацијата на англискиот јазик, како и сеопштата дигитализација, внесуваат иновации во тој поглед но, од друга страна, влијаат и негативно врз спецификите на одделните национални јазици. Оттаму, и зачестената појава и уфрлање на англицизми и на компјутерски изрази во јазикот, особено во секојдневната комуникација на младите, но и во рекламните слогани, во називите на фирмите, а најмногу на социјалните мрежи. Не сум сигурна дали и како еден национален јазик може да се одбрани од негативните ефекти на глобализацијата?!

**Дали работите на нови проекти или нова книга за кои би сакале да споделите повеќе детали?**

Да, работам на нова книга со критики и есеи, покрај редовните обврски со наставата и подготовките за учество на неколку тековни научни конференции кај нас и во странство.

Милена Георгиевска



## Младите се мојата секојдневна инспирација

**Што е она што најмногу Ве мотивира и инспирира во Вашата работа?**

Работата со младите. Иако, за жал, последниве години, професијата „универзитетски професор“ стана доста девалвирана поради експанзијата на приватните универзитети кај нас, мислам дека нема ништо поубаво од тоа да се работи со млади луѓе. Нивната енергија, ентузијазам и идеали се мојата најголема, секојдневна инспирација.

ИНТЕРВЈУ

# Ден на единство, гордост и култура

*Манифестацијата „Ден на Заедницата на Македонците во Република Хрватска“ се одржа на 9 ноември 2024 година во Домот на хрватската војска „Лора“ во Сплит. Оваа манифестација традиционално се одржува и ги собира сите македонски културни друштва кои се дел од ЗМРХ, а кои се насочени кон ширење на својата македонска култура и традиција*



Во богатата културна програма фолклорните, пејачките, инструменталните, детските, етно и кулинарските секции на друштвата најдоа свое место на големата сцена во „Лора“. Во фоајето се одржаа презентација на издаваштвото на ЗМРХ и на списанието „Македонски глас“, ликовна изложба, изложба на етно ракотворби од работилниците на друштвата, како и презентација на разни македонски



јадења подготвени од кулинарската секција на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек.

Организатори на оваа културна манифестација беа Заедницата на Македонците во Република Хрватска и Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит. Гости на домаќините од Сплит беа македонските културни друштва „Билјана“ од Задар, „Илинден“ од Риека, „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, „Охридски бисер“ од Загреб и „Браќа Миладиновци“ од Осиек.

## Богата програма

Програмата започна со двете химни – хрватската и македонската во изведба на сите учесници. Потоа, со едноминутно молчење се оддаде почит на сите паднати борци во Татковинската војна и на сите загинати во борбата за македонската независност, како и на сите починати членови на Заедницата на Македонците во РХ. Потоа следеа обраќања на високите гости и тоа Милаим Фетаи, македонски амбасадор во РХ, Томислав Шута, претставник од Хрватскиот сабор и Дамир Габриќ претставник од Сплитско-далматинската жупанија. Сите тие, меѓу другото, ја истакнаа важноста на дејствувањето на националните малцинства на овие простори.

Програмата продолжи со настапите на сите друштва во составот на ЗМРХ, а првата изведба беше резервирана за најмладите, децата, основците кои учат македонски јазик и култура, кои ја изведоа песната „Мојата Македонија“ од Давид Темелков и предизвикаа посебни емоции кај присутните. Потоа со изведба на традиционалните македонски





*МКД „Македонија“, Сплит*



*МКД „Илинден“, Риека*



*МКД „Охридски бисер“, Загреб*



*МКД „Билјана“, Задар*



*МКД „Св. Кирил и Методиј“, Пула*



*МКД „Браќа Миладиновци“, Осиек*

песни и ора кои суштински се дел од македонската традиција и култура членовите на македонските друштва од цела Хрватска го одбележаа „Денот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска“, и на тој начин покажаа како вредно работат, како со голема љубов ја негуваат и чуваат македонската традиција од заборав.

## Почитување на вредностите на интеграција и соживот

По завршувањето на официјалниот дел од програмата учесниците на оваа прекрасна манифестација задоволни се упатија во салата за вечера каде домаќинот МКД „Сплит“ организираше вечера на која беа претставени и нашите македонски специјалитети, гравче на тавче, ајвар и други. Присутните уживаа во дружење, пеење и играње, а за забавата беше задолжена Олга Барбир, воедно и водителка на хорот „Македонија“ од Сплит.

„Денот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска“ е ден кој ги обединува нашите традиции, историја и култура. Овој ден е потсетник на значењето на нашиот идентитет и придонесот кој Македонците го даваат во мултикултурното општество на Хрватска. Преку одржувањето на оваа манифестација од година во година на идните генерации им се пренесува љубовта кон нашите корени, а за нас е поттик да со заеднички сили продолжуваме да работиме за зацврстување на заедницата, почитувајќи ги и поддржувајќи ги вредностите на интеграција и соживот.

„Денот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска“ беше организиран под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, Град Сплит и Сплитско-далматинската жупанија.

Марта Жаја



# Јубилеј исполнет со емоции, култура и сеќавање

*Чествувањето на Кочо Рацин во Самобор беше повеќе од културен настан, тоа беше сведоштво за трајната сила на речта како медиум кој ги надминува времето и просторот*





Коста Апостолов Солев Рацин е име кое одекнува длабоко во срцата на Македонците, симболизирајќи борба и безвременска книжевна уметност. По повод јубилејната 85-годишнина од издавањето на неговото бесмртно дело, збирката поезија „Бели мугри“, Македонците и годинава го одбележаа овој значаен јубилеј со настани исполнети со емоции, култура и сеќавање.

Самобор, град со посебно значење за Рацин, беше место на чествувањето кое ги обедини Хрватска и Македонија. На 23 ноември 2024 година, во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и МКД „Охридски бисер“ од Загреб, се одржа традиционалната културна манифестација „Рацинов ден – Бели мугри“, под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.









## Цвеќе за Рацин

Пред бистата во паркот покрај Самоборскиот музеј, положија цвеќе и запалија свеќи претставници на ЗМРХ и МКД „Охридски бисер“, и нивните гости и званици, претставникот на претседателот на Хрватскиот сабор и хрватски европратеник, Давор Иво Штир, македонскиот амбасадор во РХ, Милаим Фетаи, делегација на Општината Велес составена од тројца советници и заменик градоначалникот Коста Нојков, претседателот на самобор-



скиот Градски совет, Миран Шоиќ и раководителката на самоборската Градска управа за општествени дејности, Зринка Бреглец, претставници на Советот на МНМ за Град Загреб, претставникот на МНМ во Осиечко-барањската жупанија, Драгољуб Сиљаноски и други претставници, меѓу кои беше и делегацијата од Пула, составена од Милена Златеска, претседателка на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, Орце Стојкоски, претседател на Советот на МНМ за Град Пула, Сашка Соломоновска Јаневска, претставничка на МНМ во Истарска жупанија, Ратко Златески, заменик претседател на УО на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула и други.

Потоа одбележувањето продолжи во салата на Здружението на пензионери во Самобор. По поздравниот говор на претседателката на МКД „Охридски бисер“, Виолета Штерјова



и обраќањата на гостите, за животот и делото на Рацин говореа професорите Игор Деспот, Горан Коров и Ивана Брезовец, која воедно и ја водеше програмата.

## Богата програма

*„Кога не пеам, пишувам.*
*Кога не пишувам, исто како*
*да не постојам.*
*Понекогаш, така ми се*
*причинува.“*

*(Теон Борвеликов)*

Учениците кои посетуваат настава по Македонски јазик и култура по моделот Ц учествуваа со рецитал под менторство на наставничката Деспина Белчовска Велинска од ОУ „Никола Тесла“ во Загреб. Ученичките Андреа, Кира и Лира се претставија со стихови од Коста Солев Рацин и Теон Борвеликов како автори кои трагаат по светлината. Покажаа дека стиховите на Рацин и после 85 години одлично се надополнуваат со младите македонски поети.



Стихови од познатата збирка рецитираа и членови на работилницата по македонски јазик за возрасни при Друштвото. Беа доделени и наградите од 57. Детски Рацинови средби во Велес, кои ги добија ученици од Загреб, учесници на меѓународниот поетски конкурс. Настап имаше и пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“, под водство на Сафиудин Алимоски, која исполни неколку македонски народни песни. Настанот заврши во пријатно дружење со домашна закуска подготвена од кулинарската секција при Друштвото и водителката Недка Тркуља.

## Извор на инспирација

Денес, кога стоиме пред предизвиците на модерното време, Рацин за Македонците во Хрватска е потсетник за важноста на културната меморија. Во атмосферата на јубилејот, присутните не само што го прославуваа Рацин, туку се потсетуваа на универзалните вредности кои неговото дело ги пренесува – правда, човечност и слобода. Секое предавање, рецитал и песна беше чин на оживување на неговото наследство.

Чествувањето во Самобор беше повеќе од културен настан, тоа беше сведоштво за трајната сила на речта како медиум кој ги надминува времето и просторот и потврда дека неговите идеи продолжуваат да живеат како неисцрпен извор на инспирација. Тој ни покажа како зборот може да биде моќно оружје, а „Бели мугри“ останува врежана во македонската колективна свест како ехо на борбата за човековото достоинство и симбол на македонската самобитност.

Елизабета Петровска





# Вљубениот Рацин

*Во организација на Заедницата на Македонците во РХ и МКД „Илинден“, а под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, на 4 ноември 2024 година се одржа трибината „Хрватско-македонски културни врски“ со тема „Вљубениот Рацин“ во просториите на МКД „Илинден“, а предавач беше проф. д-р Васил Тоциновски*



Трибината ја отвори претседателката на МКД „Илинден“, Ивона Дуноски Митев, поздравувајќи ги со топли зборови драгиот пријател, професорот Васил Тоциновски, претседателот на ЗМРХ, Илија Христодулов, студентите на Лекторатот по македонски јазик од Филозофскиот факултет во Риека и сите присутни.

Животот на Рацин, кој е неисцрпен извор на истражување, повторно беше тема на трибината, но со фокус на неговиот интимен живот, под наслов „Вљубениот Рацин“.

## Божја дарба

Проф. Тоциновски имаше можност да добие нов архивски материјал од белградскиот архив и по проучувањето на истиот, заинтригиран од новите сознанија, реши да зборува за Кочо Рацин на нов начин, не само како поет, романсиер и основач на современата македонска литература, но за Рацин како човек од крв и месо...

„Авторот не е само писател, не е само мајстор на зборови, тој е човек од крв и месо, а Кочо Рацин има една извонредна, светска харизма на освојување, на зрачење и значење, а тоа е Божја дарба.“

- Кочо Рацин ги сакал жените, бескрајно ги сакал, ги љубел, но и жените го сакале својот Рацин. Во неговиот живот посебно место и значење имале Румена Хаџи Панзова, Малина Попиванова и Невенка Вујиќ, со овие зборови проф. Тоциновски отвори една помалку позната тема од животот на Кочо Рацин.

## Благодарност

Присутните, гости и домаќини, без здив го слушаа интересното предавање, а на крајот со громогласен аплауз го наградија драгиот професор. Претседателот на ЗМРХ, Илија Христодулов, му се заблагодари на проф. Тоциновски со зборовите:

„Во оваа куќа, овој дом каде што чука македонското срце и се слуша македонскиот збор, денеска повторно е со нас, човекот со голема душа, со големо срце, со голема вистина. Неизмерна ми е радост и чест да Ве видам со Вашето семејство тука, меѓу нас, со нас, да се чуе Вашиот збор, а особено кога ме оставивте и без збор и без воздух за нашиот Рацин, за „вљубениот Рацин“, за оној Рацин на кој срцето му чукало во градите за целата македонштина и со целото негово наследство за нас и за идните поколенија.“

Гордана Квајо



# Носиите значаен дел од културното наследство



*Со предавање за македонскиот фолклор заврши манифестацијата „33. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ во Сплит*

Во рамките на „33. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ во Сплит, а во соработка со Заедницата на Македонците во Република Хрватска, на 21 ноември 2024 година беше одржано предавање на тема „Аспекти на фолклорот на македонскиот и на хрватскиот народ“. Предавач беше Данка Радиќ од Културно уметничкото друштво „Квадриља“ од Трогир. На оваа тема говореше и Силвана Млачиќ, водителка на етно секцијата за изработка на македонски народи носии и зачувување на националниот идентитет при МКД „Македонија“.







Предавањето кое се одржа во просториите на МКД „Македонија“ беше проследено со големо внимание и интерес од присутните слушатели. Предавањето беше посветено на народните македонски носии кои претставуваат значаен дел од културното наследство на Македонија. На настанот се истакна дека народните носии се израз на традицијата, историјата, обичаите и животниот стил на македонскиот народ развивани низ вековите. Носиите варираат според регионите и имаат специфични карактеристики во зависност од географската област, климата, социјалните услови и историските влијанија. Македонските народни носии се делат на машки и женски, а тие се разликуваат по кројот, боите и украсите.

## Симболиката на носиите

Главните материјали што се користеле се природни ткаенини како волна, лен и памук, кои биле рачно изработувани и украсувани со везови. Женските носии се најчесто составени од: бела кошула со рачно извезени орнаменти околу вратот, ракавите и полите, фустан или сукња – обично шарена, со сложени мотиви; појас ткаен или везен, кој ја нагласува половината; забради и марами украсени со вез и чипка, кои ја покриваат главата; елеци и јакни – често богато декорирани со срма, монистра или други украси. Машките носии обично се едноставни, но функционални и се состојат од: кошула – бела и широко кроена, украсена со минимален вез, долги панталони или димии – обично црни или темни од дебела волна, појас – широк и шарен со заштитна функција, капа или фес, а традиционален елемент на машката носија е и елек – безракавник украсен со орнаменти.

Гостинката, пак, ги претстави носиите на КУД „Квадриља“, а се работи за трогирска симболична носија која се дели на машка и женска, изработена од чипка и везови карактеристични за тоа поднебје.

Секој елемент од носијата има своја симболика. Боите, везовите и дезените често носат порака за животот, природата, или дури и за семејниот статус на личноста што ја носи носијата. Денес, македонските носии се користат на фолклорни настани, свадби, празници и културни манифестации, симболизирајќи ја врската со традицијата и корените на македонскиот народ.

Со неколку зборови за манифестацијата се осврна и претседателката на МКД „Македонија“, Марта Жаја, која им се заблагодари на присутните за присуството, а потоа ги повика на мало дружење по завршувањето на настанот. Оваа манифестација беше збогатена со пригодна програма на секциите на МКД „Македонија“ од Сплит. Манифестацијата се реализираше под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Марта Жаја

# Мостови на традицијата и фолклорот:
## *Етно наследство на Македонија и Хрватска*



*Особено внимание привлекоа рачно изработените македонски народни носии со кои се гордее МКД „Македонија“ од Сплит и кои ги носат на своите настапи*

Две пријателски земји со богата традиција, Македонија и Хрватска, претставени во една заедничка приказна која го прераскажува најдоброто од своето етничко наследство. Сето ова можеше да се види и слушне на трибината „Хрватско-македонски културни врски“ на тема „Мостови на традицијата и фолклорот: Етно наследство на Македонија и Хрватска“.

Трибината се одржа во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и МКД „Охридски бисер“ од Загреб, на 16 декември 2024 година во просториите на ЗМРХ, а под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска. Предавачи беа Виолета Штерјова, претседателка на МКД „Охридски бисер“ од Загреб и водителка на етно работилницата „Разбој“ и Силва Млачиќ, водителка на етно работилницата за изработка на македонски народни носии и зачувување на националниот идентитет при МКД „Македонија“ од Сплит.

Од нежно извезените марамчиња, милјеа и чаршафи за на маса, преку живописните волнени плетки и декоративните украси и накит, до дрвените предмети и сувенири инспирирани од старите обичаи, можеа да се видат изложени на настанот. Направени од вештите и креативни раце на членовите на етно работилниците, покажуваа љубов и почит кон културните етно корени, а присутните, пак, воодушевеност.



## Сила што обединува

Особено внимание привлекоа рачно изработените македонски народни носии со кои се гордее МКД „Македонија“ од Сплит и кои ги носат на своите настапи. Мошне впечатливи, украсени со разнобојни везови, со чисти линии и сложени детали, а сепак со префинета едноставност и изразен автентичен стил, изгледаат како да опишуваат древни митови и легенди. Од секоја исткаена нишка и шев, живо се чувствува историјата на предците како најскапоцено наследство кое нема временски граници и зборува на јазик што го разбира секое срце.

Присутните, меѓу кои беа директорката на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, Мими Ѓоргоска Илиевска и претставници на МКД „Македонија“ од Сплит, предводени од претседателката на Друштвото, Марта Жаја, несомнено беа восхитени од приказот на умешноста и трпението на мајсторките.

Предавањето на трибината нѐ потсети на важноста на зачувувањето на културното наследство и дека, и покрај различностите, тоа може да биде силата што ги обединува нашите два народа. Мостовите на традицијата и фолклорот се вистински патеки кои нѐ учат како да го цениме минатото и да го негуваме во сегашноста.

Елизабета Петровска



# Божиќна приказна на два народа

***Вака беше насловена трибината „Хрватско-македонски културни врски“ одржана на 22 декември 2024 година во Сплит, во соработка на Заедницата на Македонците во РХ и МКД „Македонија“ од Сплит***



Во просториите на Македонското културно друштво „Македонија“ во Сплит, пред бројна публика од Македонци и Хрвати, беше одржана трибина под наслов „Божиќна приказна на два народа“. Настанот беше организиран со цел да ги истакне заедничките културни вредности и традиции кои ги поврзуваат македонскиот и хрватскиот народ, особено во периодот на Божиќните празници.

Во текот на трибината беа презентирани богати прикази на божиќните обичаи во двете земји. Посебно внимание беше посветено на сличностите во начинот на прославување на Божиќ, кои ги обединуваат двата народа – од подготовката на празничната трпеза до обичаите за мир, љубов и заедништво.



Предавач на трибината беше Милена Георгиевска, педагог и главна уредничка на „Македонски глас“, која ја нагласи важноста на зачувувањето на културното наследство. Таа ја потенцираше улогата на културните здруженија како мостови меѓу различните заедници и изрази надеж за продлабочување на хрватско-македонските односи.

## Заеднички културни вредности

„Божиќна приказна на два народа“ не само што беше можност за промоција на заедничките културни вредности, туку и симбол на пријателството и заедништвото меѓу Македонците и Хрватите. Настанот ја истакна важноста на меѓусебната почит и соработка како темел за одржување на силни културни врски.

Во своето излагање Георгиевска истакна дека заедничките празнични обичаи се повеќе од симбол – тие се мост кон иднината. Таа ја нагласи потребата младите генерации да се вклучат во овие иницијативи и да продолжат да ја негуваат и споделуваат богатата традиција на двата народа.

- Божиќ е време кога љубовта и заедништвото се ставаат на пиедестал. Нашите два народа го делат тој дух – и денес, и во минатото. Важно е да го негуваме и споделуваме со светот, рече Георгиевска.

„Божиќна приказна на два народа“ остави длабока трага кај сите присутни, потсетувајќи ги дека културата и традицијата се најмоќните алатки за градење на свет исполнет со разбирање и почит.

Со оваа трибина, Македонското културно друштво „Македонија“ во Сплит уште еднаш потврди дека е значаен центар за промоција на македонската култура во Хрватска и за продлабочување на врските меѓу двата народа. Настанот се одржа под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ.

М. Г.



# Едукација на наставници по македонски јазик и култура

*Проектот за едукација на наставниците „Патот на извонредноста“ го организираше МКД „Илинден“ од Риека и има за цел, освен јакнење на наставничките компетенции, промовирање на чувањето на македонскиот јазик и култура во образовниот систем, но исто така, придонесува и за квалитетна настава за идните генерации ученици во Хрватска*

„Дигиталните алатки во наставата по Македонски јазик и култура по моделот Ц“ беше насловот на едукацијата за наставниците по македонски јазик во Хрватска, кои од 1 до 3 ноември 2024 година во Риека ги унапредија своите вештини и методологијата на подучување. Предавач беше лекторката по Македонски јазик, м-р Биљана Стојановска Ѓуриќ, од Филозофскиот факултет во Риека, која говореше за дигиталните алатки и подучувањето и која мошне пластично низ интерактивните работилници и предавања успеа да ги пренесе потребните информации, како би можеле наставничките да ја унапредат својата работа во училиштата. Нејзината стручност и искуство како едукатор секако придонесе за квалитетната обука на наставничките.

„Проектот за едукација на наставниците по Македонски јазик и култура е од особено значење за чувањето и промовирањето на македонскиот јазик и културното наследство меѓу Македонците кои живеат во Хрватска, со што се придонесува за јакнење на идентитетот на македонската заедница од една страна, но исто така, придонесува и за богатството на јазичната и културната разновидност во Хрватска“, вели Ивона Дуноски Митев, претседателка на МКД „Илинден“.

## Онлајн ресурси

Оваа иницијатива насочена кон подобрување на квалитетот на наставата по Македонски јазик и култура наиде на огромно задоволство кај наставничките, кои ја искористија можноста и за меѓусебно споделување на искуствата, размена на материјали за настава, како и разгледување на специфичните аспекти на македонскиот јазик и култура.

Наставничките во едно се сигурни – онлајн ресурсите се важна алатка во подучувањето во училиштата и оваа едукација ја оценија како особено значајна и корисна. Ова е прва ваква едукација за наставници по македонски јазик и култура организирана во Хрватска, од организирањето на наставата по Македонски јазик и култура во првото училиште во Загреб пред 19 години. Но, секако нема да биде и единствена.

Проектот беше поддржан од Министерството за наука, образование и млади на Р. Хрватска. Поддршка за работата на наставниците безрезервно даде и претседателот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Илија Христодулов, кој оствари средба со наставничките од Загреб, Осиек, Сплит, Пула и Риека.

Милена Георгиевска









# Македонска вечер за паметење во Ловран

*Традиционалната „Македонска вечер" што се одржа на 30 ноември 2024 година, на едно место собра голем број Македонци и нивни пријатели. Задоволни од минатогодишниот прекрасен амбиент на ресторанот „Кварнер" во Ловран, организаторот – МКД „Илинден", реши повторно да дојдат и да уживаат во просторот кој им овозможи вечер за паметење*



Вечерта започна со пречек на гостите со традиционален пијалак за добредојде, што го понудија вредните членови на МКД „Илинден" облечени во прекрасни носии и со насмевки на лицата.

По топлите поздравни зборови на Ивона Дуноски Митев, претседателка на „Илинден", упатени до присутните, пејачката група на Друштвото одржа кратка програма како вовед во една незаборавна вечер, пеејќи ги добро познатите песни „Мојата Македонија", „На 4 Мај", „Километри", „Праша ли Тинке", „За добра стара времена" и „Мома оди на вода". Во оваа прилика се претстави и фолклорната група со изведба на орото „Стамена", па со традиционалното македонско оро започна и „33. Македонска вечер".

Со вечерата што следеше, неуморните „Балканика бенд" и Валерија од Република Словенија и гостинката од Македонија, македонската музичка ѕвезда Елена Велевска, се погрижија за музичката атмосфера во текот на целата вечер. Со ритамот 7/8 малкумина останаа да седат на нивните места, па така, не останаа рамнодушни и оние кои никогаш до тогаш не заиграле оро.



Врв на вечерта беше богатата томбола која ги израдува сите среќни добитници, а Ивона Дуноски Митев им се заблагодари на многубројните спонзори и на сите кои на било кој начин помогнаа да се реализира оваа „33. Македонска вечер".

Богатата културна програма заврши со пригодно украсена и вкусна торта, околу која се собраа и пееја членовите на Друштвото, а дружењето со песна и оро продолжи долго во ноќта.

Оваа програма на МКД „Илинден" ја поддржаа Советот за националните малцинства на РХ, Приморско-горанската жупанија, Град Риека, претставникот на македонското национално малцинство во ПГЖ, Советот на МНМ за Град Риека и несебичното залагање на поединци во реализацијата на оваа прекрасна вечер за паметење.

Гордана Кваjо

# Креативна Божиќна работилница



Со смеа и дружење на 11 декември 2024 година во просториите на МКД „Илинден" се одржа детска креативна работилница. Оваа Божиќна работилница беше водена од нашата драга и креативна Лорена Калиќ и нејзината пријателка Луција Алиловиќ кои им помогнаа на вредните детски рачиња да изработат убави симболи и божиќни украси од различни материјали и на тој начин се обележаа претстојните празници.

Оваа програма на МКД „Илинден" е овозможена со помош на Советот за националните малцинства на Република Хрватска и несебичното залагање на сите поединци во реализација на настанот.

Г. К.



# Изложба од Емилија и Стојче Тоциновски и награда за животно дело за Васил Тоциновски

*Традиционална соработка помеѓу МКД „Илинден“ и Хрватското книжевно друштво по повод Месецот на хрватската книга*

Претходните свечени отворања на „Деновите на македонската култура“ во Риека беа во соработка со Хрватското книжевно друштво. Годинава оваа вредна, добро посетена и медиумски поддржана манифестација по повод Месецот на хрватската книга беше организирана на 6 ноември, традиционално како дел од меѓународниот фестивал „Ден на пријателите на книгата“, во просториите на МКД „Илинден“.

Пејачко-музичката група вечерта ја започна со песната „Мојата Македонија“, под рефлекторите на новинарите и камерите на ХРТ за емисијата „Призма“. По поздравните зборови на домаќинот, на присутните им се обратија Валерио Орлиќ, претседател на ХКД и Армин Хоџиќ, претставник на македонското, бошњачкото, црногорското, албанското и словенечкото национално малцинство во Хрватскиот сабор.

## „Вечна природа“

Програмата започна со отворање на изложбата слики „Вечна природа“ на академските ликовни уметници Емилија и Стојче Тоциновски, а претседателката на МКД „Илинден“, Ивона Дуноски Митев, зборуваше за авторите и за нивното ликовно творештво.

Емилија и Стојче се академски уметници кои како сопружници и уметници заедно создаваат препознатлив естетски свет од 2011 година. Нивните дела зрачат со богат колорит и наивност и носат уникатна детска непосредност. Сликите привлекуваат внимание со одличната комбинација на многу бои кои формираат хармонични композиции.

На изложбата, тие особено презентираа циклуси на пејзажи во кои доминираат природни мотиви, но и апстрактни композиции, каде што ги истражуваат границите меѓу реалното и имагинарното. Пејзажите ја евоцираат убавината на природата,




додека апстракциите ги рефлектираат нивните внатрешни уметнички визии. Живеат и работат во Скопје, имаат одржано голем број самостојни изложби, а она што е специфично за нив е што заедно создаваат уметност.

Стојче Тоциновски во свое име и во името на својата сопруга Емилија говореше за сликите создадени со заедничка работа, идеи, мотиви и тоа што значи сликарството за нив. Исто така се заблагодари за поканата да бидат дел од „Деновите на македонската култура“ во Риека и во знак на благодарност, речиси целата изложба ја подарија на МКД „Илинден“.

## Награда за животно дело

По свеченото отворање на изложбата, пејачко-музичката група МКД „Илинден“ отпеа уште две песни „Мома оди на вода“ и „За добра стара времена“.

Свечената атмосфера беше зачинета со пријателска историја и прекрасни чувства, бидејќи по речиси 10 години членовите на МКД „Илинден“ и ХКД се сретнаа со своите највредни и во исто време најзаслужни луѓе, чуварите на ма-







кедонско-хрватските врски, преку усмени и писмени зборови, стихови, историски факти, воспоставена соработка меѓу факултетите на двете земји Хрватска и Македонија, односно оние кои го негуваат македонскиот јазик, пишуваат и зборуваат за него во поголемиот дел од своите животи. Убаво беше заедно да се видат на истата маса проф. емеритус Горан Калоѓера и проф. д-р Васил Тоциновски.

Проф. д-р Горан Калоѓера на свој специфичен и секогаш интересен начин накратко го претстави научното и литературното творештво на проф. Васил Тоциновски. Со громогласен аплауз од сите присутни Валерио Орлиќ на проф. Тоциновски во име на ХКД му ја врачи наградата за животно дело, а претседателката на МКД „Илинден", Ивона Дуноски Митев, во име на Друштвото и во знак на благодарност на професорот му врачи комеморативен фото колаж. Проф. д-р Васил Тоциновски се заблагодари на добиените благодарници со желба и надеж за некоја идна средба.

Манифестацијата продолжи со промоција на книги во издание на Хрватското книжевно друштво, а во музичка придружба на кантавторот Михаел Арчон, пријатели и поети се претставија со свои стихови.

На крајот од официјалниот дел Ивона Дуноски Митев, во име на МКД „Илинден", им врачи благодарници на проф. емеритус Горан Калоѓера, на проф. д-р Васил Тоциновски, на Емилија и Стојче Тоциновски и на Валерио Орлиќ, претседател на ХКД.

Гордана Квајо




# Промовирање на културата на ненасилство

***На 24 ноември 2024 година, во просториите на МКД „Илинден" се одржа најемотивната манифестација на „Деновите на македонската култура", поетскиот збор „Стоп за насилството врз жените", музичко-поетска вечер по повод Меѓународниот ден на борба против насилството врз жените, како и борба против секаков вид насилство***

Настанот со песна го отвори пејачката и музичката група на МКД „Илинден", а откако Ивона Дуноски Митев ги поздрави присутните, музичко-поетската вечер успешно ја водеа Ванѓа Калиќ и Дамир Марас.

По воведниот говор на Ванѓа Калиќ, во име на Здружението за заштита на семејството У.З.О.Р. на присутните им се обрати Паула Боговиќ која го изрази своето задоволство што се одржува овој настан, но ги посочи и сите прашања кои се врзани за насилството врз жените и ги сподели своите искуства од работата со жртвите на насилство.

Вечерта продолжи со читање стихови од поетеси и поети меѓу кои беа Лидија Штампар од Словенија и Катарина Каќа Бољевиќ од Црна Гора, а настапите беа проследени со овации, но и солзи во очите на мнозина присутни.

Програмата ја затворија пејачката и музичката група на МКД „Илинден", а потоа, исполнети со емоции, домаќините, поетите и гостите продолжија со дружењето со желба повторно да се сретнат.

Инаку, Меѓународниот ден за борба против насилството врз жените се одбележува на 25 ноември. Целта е да се потенцира правото на живот без насилство, да се промовира културата на ненасилство и меѓусебното почитување меѓу половите и да се подобрат родовите односи преку приближувањето на вредностите на ненасилство и родова еднаквост до младите и до другите граѓани.

„Деновите на македонската култура" во Риека е манифестација која се одржува со поддршка на Советот за националните малцинства на РХ, Приморско-горанската жупанија, Град Риека, претставникот на македонското национално малцинство во ПГЖ, Советот на МНМ за Град Риека и несебичното залагање на поединци.

Гордана Квајо



# МКД „Охридски бисер“ – срцето на нашата македонска културна приказна

*Минатата година беше година на труд, заедништво и успеси*



Кога говориме за МКД „Охридски бисер“, не говориме само за Друштво, туку за заедница, за семејство што ја носи тежината на историјата и ги отвора портите кон иднината. Зборуваме за срцето на нашата македонска културна приказна која ја пишуваме сите членови заедно.

Редовното годишно собрание е токму тој момент кога застануваме, се осврнуваме назад и се прашуваме што постигнавме и што можеме подобро. Тоа е повод за рефлексија, инспирација и благодарност. Годинава се одржа на 3 декември во салата на „Чешка беседа“ во Загреб.

Собранието го водеше претседателката на Друштвото, Виолета Штерјова. Таа истакна дека минатата година беше година на труд, заедништво и успеси. Од секциите што ја славеа македонската песна, музика и обичаи, до манифестациите што ги поврзуваа сите генерации со нивните корени, секој проект беше доказ дека кога се работи заедно може да се направи нешто навистина убаво.

Извештајот за работата на Друштвото беше усвоен од членовите, а се усвоија и годишните финансиски извештаи за Советот за националните малцинства на РХ и за потребите на Друштвото за 2023 година.

Планот и програмата за работа и Финансискиот план на приходи и расходи на Друштвото за 2025 година ги презентираше Биљана Шрепфлер. Таа посочи дека тие се нашиот патоказ за тоа како ќе продолжиме да ја шириме македонската култура. Секоја идеја, предлог или забелешка се значајни, ја збогатуваат заедничката визија и придонесуваат кон градење на културен мост на овие простори. Мошне важна е и поддршката и помошта во дефинирањето на насоките за идните активности. По дискусијата, плановите беа едногласно усвоени.

МКД „Охридски бисер“ е нашиот втор дом каде што се чува македонската традиција, се негува македонскиот јазик, се почитува македонската култура – за нас, за нашите деца и за иднината. Друштво гордост за сите нас!

Елизабета Петровска

# Средба со професори на Филолошкиот факултет од Штип

За време на тридневната работна посета на Загреб, делегација на професори од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, на 16 ноември 2024 година оствари работна средба со претставници на МКД „Охридски бисер“ во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.

Делегацијата предводена од деканката на Филолошкиот факултет, проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, ја придружуваа раководителот на Институтот за јазици при Универзитетот, проф. д-р Ранко Младеноски и професорите од Катедрата за македонски јазик и книжевност, проф. д-р Игор Станојоски, проф. д-р Милена Ристова-Михајловска и доц. д-р Марија Соколова. Гостите беа срдечно пречекани од претседателката на Друштвото, Виолета Штерјова и секретарот на ЗМРХ, Елизабета Петровска.

На средбата домаќините говореа за бројните активности на ЗМРХ и МКД „Охридски бисер“, особено за афирмацијата на македонскиот јазик, култура и традиција. По тој повод, гостите од штипскиот Филолошки факултет на Друштвото му подарија 100-тина книги на македонски јазик. Дел од книгите се во издаваштво на Универзитетот, дел се авторски на професори од Филолошкиот факултет, останатите се подарок од Националната Установа – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ од Штип и од други македонски издавачи.

По размената на позитивните искуства, и домаќините на гостите им подарија симболични подароци, меѓу кои и примероци на списанието „Македонски глас“, а гостите се заблагодарија за пријатното гостопримство.

Во текот на својот престој во Загреб, професорите го посетија и македонскиот Културно-информативен центар и Меѓународниот саем на книгата „Интерлибер“.

Е. П.



# Кога храната е уметност, а уметноста за душа

Етно-кулинарската секција на МКД „Браќа Миладиновци“ е една од најактивните. Но, често е невидлива: сето она што вредните раце на нејзините членки ќе го подготват, се изедува за миг и иако е тоа на задоволство на сите, ако не се забележи со фотографија, исчезнува без трага.

Затоа, оваа секција реши да ја поврзе својата активност со ликовната, а заедно ги спои грнчарството.

„Откако набавивме грнчарско тркало, организиравме неколку работилници кои се покажаа многу успешни“, рече Марија Чинчурак, водителка на етно-кулинарската секција.

Она што со оваа активност сакаа да го постигнат е низ грижливо селектирани материјали и насоки од менторката Ивана Лончариќ, професор, да научат нешто за грнчарството, но и за тоа како да направат тави за тавче гравче.

„Ете како нешто може да биде корисно и практично“, истакна весело Ранка Мирковиќ, водителката на ликовната секција и додаде „Направивме украси, но и тави со разни величини и ќе ги испробаме заедно, со вкусна дегустација“.

Работилницата по грнчарство се одржа на 14, а веќе на 26 ноември двете секции организираа дружење и дегустација на гравчето во новите тавчиња!

J. T.



# Ликовна колонија и прва заедничка изложба во Осиек и во Дарда

Во рамките на „30. Денови на македонската култура“ во Осиек, на 23 ноември 2024 година во просториите на МКД „Браќа Миладиновци“ се одржа особено успешна ликовна колонија. Колонијата беше во организација на ликовната секција на Друштвото, со учество на членовите на ликовната работилница „Петар Добровиќ“ од Дарда и во соработка со етно-кулинарската секција на Друштвото.



„Колонијата оваа година собра преку дваесет уметници-аматери во еднодневно креативно и весело дружење. Како резултат, настанаа многу различни уметнички дела во различни техники и беше договорена заедничка изложба во Дарда“, рече Ранка Мирковиќ, водителка на секцијата.

Рада Марковиќ, уметничка и графичка дизајнерка и водителка на работилницата од Дарда истакна дека и овој пат биле дочекани со отворено срце, што е одличен темел за продолжување на соработката која оваа година кулминира со заедничка изложба.

Првата заедничка изложба на ликовната секција на МКД „Браќа



Миладиновци“ и ликовната работилница „Петар Добровиќ“ се одржа на 4 декември во просториите на СКД Просвета – пододбор Дарда. На настанот присуствуваа и најмалите „Бисерчиња“ со свои слики и пригодна рецитација, како и бројни граѓани од Дарда. Изложбата ги прикажа делата на уметниците-аматери кои ги сликаа Македонија и Хрватска, убавините и пејзажите на двете татковини. „Деновите на македонска култура“ во Осиек се организираат под покровителство на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска.

J. T.

# Роденден на Друштвото – успешни години на дејствување

Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула на 3 ноември 2024 година го прослави својот 14. роденден. За Друштвото низ годините зборуваше претседателката Милена Златеска, која воедно и ги поздрави присутните и се заблагодари на сета потпора и кофинансирање од страна на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, на Истарската жупанија и на Град Пула.

Роденденот, како што рече Златеска, прославен е во склопот на „Деновите на македонската култура“. Таа рече дека низ годините Друштвото има организирано и реализирано бројни програми во кои имаат учествувано голем број на гости како од Македонија така и од цела Хрватска. Друштвото има настапувано во голем број на програми кај другите национални малцинства, соработката е голема со Унгарците, Бошњаците, Црногорците, Србите и други, а има добиено и бројни награди и благодарници. Соработката е успешна и со македонската Амбасада, со Советот за националните малцинства на Република Хрватска, со Истарската жупанија, а посебно со градот Пула, кој се збратимува со Охрид. Програмата беше проследена со македонски песни и ора, со стихови за татковината, богата трпеза и роденденска торта.

М. З.



# Годишно редовно собрание



Годишното редовно собрание Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула го одржа на 4 декември 2024 година. Во оваа прилика беше оддадена почит на покојните членови на сите асоцијации на Македонското национално малцинство во Истарската жупанија.

Собранието го отвори претседателката Милена Златеска, ги поздрави присутните и утврди кворум. Дневниот ред беше едногласно прифатен. Извештај за работата на Друштвото во 2023 година поднесе претседателката, а за финансиите зборуваше Јанко Жуфиќ. Предлозите на Планот и програмата за работа и Финансискиот план за 2025 година детално ги објасни Златеска, откако беше заклучена расправата по сите точки на дневниот ред, кои беа едногласно прифатени од присутните членови.

М. З.

# „Црно семе“ на „Деновите на македонскиот филм во Истра“

Настанот „Денови на македонскиот филм во Истра“, Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула го одржа на 4 декември 2024 година во своите простории. На настанот присуствуваа и студентите на четврта година на Учителското студио при Факултетот за воспитни и образовни науки на Универзитетот „Јурија Добрила“ во Пула.

За техниката на снимањето на филмот зборуваше Јанко Жуфиќ, универзитетски професор во Пула. Беше одржана проекција на македонскиот филм „Црно семе“ од 1971 година во режија на Кирил Ценовски. Проф. Жуфиќ зборуваше и за документаристичките вредности на филмот и за режисерот на филмот, Кирил Ценовски.

Филмот е снимен според романот на Ташко Георгиевски во кој е обработена темата на геноцидот и малтретирањето на Македонците во Грција.

За главниот актер во филмот зборуваше Ева Вуковиќ, која меѓу другото рече: „Главната улога во филмот е на Дарко Дамески кој ја освои Златната арена за најдобра машка улога на фестивалот во Пула, каде филмот е награден и за најдобра режија“.

М. З.



# Денови на Кочо Рацин во Истра

**„Деновите на Кочо Рацин во Истра“ се одржуваат секоја година. Оваа година настанот се одржа на 20 ноември во просториите на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула**





Програмата започна со македонска песна во изведба на хорот на Друштвото, со водителот Зоран Гардашевиќ и Дамир Костешиќ на хармоника. Претседателката на Друштвото, Милена Златеска ги поздрави присутните и упати посебна благодарност до Советот за националните малцинства на Република Хрватска, Истарската жупанија и Град Пула за нивната поддршка за програмите на Друштвото. Таа во поздравните зборови уште рече дека многу ѝ е мило што членовите на сите македонски асоцијации во Истарската жупанија се сплотени и заедно дејствуваат на ист простор.

Академската вечер за Коста Солев Рацин ја најави Златеска со неговата песна „Копачите“, а за неговиот живот и дело зборуваше Сашка Соломоновска Јаневска. Своја поезија, а во чест на Рацин, читаа членовите на литерарната секција на Друштвото и гостите, Злата Кукуљ, Наталија Лековска, Милан Пачиќ и други. Гости на вечерта беа членовите на КУД „Водњан“ од Водњан, а нивниот претседател Милан Пачиќ изрази благодарност на поканата и желба за понатамошна соработка.



Покрај македонската и истарската песна, истарскиот балун и македонското оро, беше поставена и трпеза со македонски и истарски традиционални јадења, а беше поставена и прекрасна етно креативна изложба. Посебна изложба имаше на тартуфи и истарска пршута.

## Ред стихови, ред музика, ред храна

Зошто презентација, пред сè, на истарска храна? Кога разговаравме со претседателката Златеска, таа рече дека во Истра има многу Македонци кои се родени тука и се декларираат како Хрвати или Истријани, а нивните корени ги влечат во Македонија, па додека тие ја запознаваат македонската традиционална кујна, сакаат да ја покажат истарската со која имаат израснато.

Така оваа вечер изложбата на тартуфите и на истарската пршута, паштета со тартуфи и други истарски јадења ги подготвија Бруно Трајковски и неговата сопруга Даниела. Покрај овие јадења беа и истарските фритули, македонската посебна погача што ја подготви Мимоза Димоски, питите на Бранка Рожман, македонското гравче на тавче и раванијата кои стално ги подготвува Милена Златеска, колачите на Веска Прелогова, чоколадната торта на Сашка Соломоновска Јаневска и уште ред други јадења кои ги изненадија присутните со посебните вкусови.

Упатувајќи благодарност до сите кои дадоа придонес за оваа вечер, Златеска информираше дека на 23 ноември ќе биде посетен и споменикот на Кочо Рацин во Самобор.



Со песна и оро на присутните и богата трпеза заврши уште една посебна програма на Друштвото. Настанот беше медиумски проследен од Хрватската радио телевизија.

Михаела Златеска




# Стоп за насилството над жените

*Меѓународниот ден на „Стоп на насилството над жените“ се одбележува на 25 ноември. Македонското културно друштво на Истарската жупанија овој настан го одбележува секоја година, па така беше и оваа*

Присутните ги поздрави претседателката на Друштвото, Милена Златеска, која зборуваше за меѓународното значење на насилството над жените, спомнувајќи го примерот од 1960 година на сестрите Патриа, Миневра и Мариа Тереса Мирабал кои се бореле за демократија во Доминиканската република и брутално биле убиени под наредба на диктаторот Рафаел Трујило.

По некоја статистика, секоја трета жена во Европската унија има доживеано физичко или сексуално насилство кое е еден од најчестите облици на кршење на човечките права во светот. Најчесто насилник е партнерот на било кое насилство. Европската унија првпат донесе законски акт за сузбивање на насилството над жените и насилството во семејството во мај 2024 година. Златеска рече дека кога се зборува за насилство, се зборува и за дискриминација на жената и нееднаквите права со мажите.

Таа додаде дека жените кои припаѓаат на малцинствата се во уште поголема дискриминација и во потешка состојба од останатите, бидејќи кога доаѓаат со сопругот од својата матична држава во странство, во друга држава, немаат никого, сами се и незаштитени. Често тие жени остануваат на улица без никого, без пари, а такви примери има доста и во Република Хрватска. Повеќето од насилствата остануваат нерегистрирани затоа што на жртвите им е страв да ги пријават насилниците.



## Осуда за насилството

Според некои истражувања, наведено е дека жените трпат насилство и по 10 до 15 години пред да се одлучат тоа насилство да го пријават, а во 70% случаи на убиства на жени во светот извршители се нивните партнери.

Во Хрватска, рече Златеска, веќе неколку години е активирана служба за помош и поддршка на жртвите и сведоците на казнените дела, познат како „Мрежа на поддршка и соработка на жртвите и сведоците на казнените дела“. Мрежата ја координира организацијата „Женска соба“ со учество на 10 партнерски организации кои дејствуваат во 17 жупании. Оваа мрежа од основањето до денес има пружено повеќе од 20 илјади услуги на повеќе од 2500 лица. Помошта вклучува емоционална поддршка, правно и психолошко советување и следење на жртвите и сведоците во полиција, на суд или во други институции. Треба да се нагласи дека овие услуги се бесплатни.

По презентираните податоци се разви дискусија. За „Стоп на насилството над жените“ зборуваа и Хелга Може, претседателка на „Клубот на жените“ на ИДС, Маура Чабран, претседателка на „Клубот на жените“ на ИДС на Ровинштина и Вера Михаловиќ претседателка на „Клубот на жените“ на независни. И трите се изјаснија дека за секое насилство, пред сѐ, треба да се зборува, а и го осудија секој вид на насилство. Габриела Давидовска Баниќ зборуваше како жртва на насилство, и со солзи во очите го потврди тоа што Златеска го рече на почетокот за жените кои се дојдени од друга држава и се малцинство па е многу тешко во една таква ситуација да се снајдат бидејќи се сами. Насилството го осуди и претставничката на МНМ на Истарската жупанија, Сашка Соломоновска Јаневска.

## Лузна

Оваа програма ја поддржаа и членовите на литерарната секција



на Друштвото и поетите гости. Златеска ја прочита песната „Лузна“ од својата петта двојазична збирка поезија „Дом на срцето“, а своја поезија читаа и Злата Кукуњ, Бранка Орлиќ и Габриела Давидовска Баниќ. Претседателот на Советот на МНМ за Град Пула, Орце Стојкоски, чита-



ше од поезијата на Златеска, Бранка Рожман читаше стихови од познати црногорски автори, Наталија Лековска прочита познати македонски стихови.

На крај, како поддршка на секоја жртва во Истарската жупанија зборуваше Јадранка Чернул, координатор на „Сигурна куќа Истра“, која рече дека, пред сè, треба да се осуди секаков вид на насилство, а кога треба помош неминовно е лицето да се заштити. Таа се задржа на помошта што ја нуди оваа „Сигурна куќа“ на која што жртвите треба да ѝ се обратат и рече дека ќе бидат заштитени. Даде голем број на примери на насилство и сподели и податок дека овој злочин со годините е сè поголем. Заклучок од настанот е дека треба да се зборува без страв и дека секој злочин треба да се пријави. Следеше и музички дел со Дамир Костешиќ на хармоника, а една маса ја красеа и уметничките дела на академскиот сликар од Канада, Мајкл Клосе, кои се негова донација на Друштвото, а оваа вечер им беа подарени на гостите.

Михаела Златеска



# Свети Никола и кај нас



„Деновите на македонската култура“, Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула ги затвори на 22 декември 2024 година со настанот „Свети Никола и кај нас“ во пресрет на Божиќ и Новата 2025 година. Датумот се поклопи и со 33. роденден на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, која пак е основана на роденденот на Кочо Рацин.

Вечерта беше отворена со песната на малата Зара Петерцол и нејзиниот дедо Зоран Гардашевиќ, кој ја пратеше на синтисајзер. Песничката на Зара ги воодушеви големиот број присутни.

Во делот на програмата „Со зборови те прегрнувам“ членовите на литерарната секција кои пишуваат поезија прочитаа по неколку свои песни за деца, а тоа се: Бранка Орлиќ, Злата Кукуљ и Славица Лончариќ Ѓугум. Гости беа учениците на целодневната настава од ОУ „Владимир Назор“ од Потпиќан, со водителката Наталија Лековска. Учениците покрај својата програма со песнички и игра, се претставија и со „Пајдушкото оро“.

Славица Лончариќ Ѓугум која има издадено неколку збирки песни и сликовници за деца, во знак на благодарност им подари неколку книги. Потоа, повторно пееше Зара и со својата песничка го повикуваше Дедо Мраз, кој стигна со голема вреќа на рамо. Децата, едно по едно почнаа да ги кажуваат своите желби и сè она што му напишале на Дедо Мраз да им донесе. Можеби не беа исполнети сите нивни желби, но сите присутни деца добија по едно пакетче на што се радуваа.

Покрај сè ова имаше и што да се касне и да се напие и тоа беше прилагодено на веселите дечиња кои трчаа и играа во просторот.

Со овој настан беше заклучена работата на Друштвото во 2024 година, со желби за среќна нова 2025 година.

М. З.





# Хрватско-македонски мост на пријателство



„Хрватско-македонски мост на пријателство“ е називот на проектот што го организираше Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит. Во текот на октомври 2024 година беше распишан ликовен конкурс за сите ученици кои учат Македонски јазик и култура во основните и средните училишта во Хрватска.

Проектот имаше за цел учениците да го искористат и покажат својот талент преку цртање на цртежи на тема како тие ја доживуваат поврзаноста помеѓу двете пријателски земји, Македонија и Хрватска.

На 9 ноември во Домот на ХВ „Лора“ во Сплит беше отворена изложба на која беа изложени сите цртежи. Изложбата за посетители беше отворена до 13 ноември. На отворањето на изложбата беа присутни ученици од градовите Сплит, Пула, Риека, Загреб и Осиек кои имаа работилница со своите учителки, а воедно времето го искористија и за дружење. За најдобрите цртежи беа доделени и награди за прво, второ и трето место за основно и за средно училиште.



Во текот на проектот, учениците имаа можност да се запознаат со убавините и културното богатство на Сплит.

Овој проект беше спој на идеја, визија и фантазија да ја прикаже хрватската култура, а истовремено да се зачува нашето културно богатство и нашата мила Македонија да се престави во најдобро светло.

М. Ж.



# Реализирани планираните активности на МКД „Македонија“

Во Сплит, Македонското културно друштво „Македонија“ на 24 ноември 2024 година во своите простории одржа Редовно годишно собрание. Собранието започна со топло добредојде упатено до членовите на Друштвото, а работата започна со предложување и усвојување на точките од дневниот ред. Потоа претседателката на Друштвото, Марта Жаја, поднесе извештај за работата во 2023 година. Исто така, Жаја ги извести присутните за финансиското работење на Друштвото во 2023 година и таа точка беше едногласно прифатена и усвоена од страна на членовите.

Што се однесува до реализираните активности, претседателката Жаја даде краток пресек на сите одржани настани. Исто така, ги извести за активностите кои се планираат во наредниот период. Се расправаше и се договараше за Планот и програмата за работа, како и за Финансискиот план за 2025 година кој треба да се поднесе до Заедницата на Македонците во Република Хрватска и до Советот за националните малцинства на РХ.

По точките од дневниот ред членовите гласаа едногласно и без забелешки.

М. Ж.



# Културното богатство на националностите од Сплит

По повод Меѓународниот ден на човековите права на 10 декември 2024 година во салата за концерти на Хрватскиот дом во Сплит се одржа традиционалната смотра на културното творештво на националните малцинства кои живеат во градот Сплит. Програмата беше организирана од страна на Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства, а под покровителство на Град Сплит. На манифестацијата учествуваа десет културно уметнички друштва од националните малцинства во Сплит.

МКД „Македонија“ на оваа манифестација се претстави со фолклорната група и со хорот со неколку изведби и тоа, орото „Водарки“ под водство на Блага Масачеси, а хорот со песните „Јовано, Јованке“, „Тргна ми Ленка“ и „Бело лице љубам јас“ под водство на Олга Барбир. Гостите во преполната сала уживаа пеејќи ги македонските песни и беа воодушевени од македонското оро.

Со традиционалното одбележување на оваа манифестација се покажува афирмацијата на правата на националните малцинства. Градот Сплит се труди да го зачува богатството кое го нудат различностите на културата и традицијата на националностите кои живеат во овој град.

М. Ж.





# „Фросина“ на „Деновите на македонскиот филм“ во Сплит

На 3 декември 2024 година во просториите на Македонското културно друштво „Македонија“ во Сплит се одржа манифестацијата „Денови на македонскиот филм“. Ова е културна манифестација посветена на промоција на македонската кинематографија и нејзините остварувања. Настанот има за цел да ги претстави најзначајните филмски дела создадени од македонски автори, како и да ја промовира македонската култура преку седмата уметност.



Македонскиот филм има богата историја што започнува уште од 1950-тите години со култни дела како „Фросина“ (1952), па сè до современи филмови како „Медена земја“ (2019), кои добија меѓународно признание. Преку манифестации како „Денови на македонскиот филм“, се овозможува овие остварувања да се приближат до поширокате публика.

На оваа манифестација присутните членови и гости имаа прилика да го погледнат првиот македонски филм „Фросина“ во режија на Воилсав Нановиќ, снимен во 1952 година. Манифестацијата „Денови на македонската култура“ во Сплит беше реализирана под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

М. Ж.

# Со нови содржини во 2025 година

На 22 ноември 2024 година одржано е Редовно годишно собрание на Македонското културно друштво „Билјана“ од Задар. На дневниот ред на Собранието беа и предлозите на Планот и програмата за работа и Финансискиот план за приходи и расходи на МКД „Билјана“ за 2025 година.

Откако беа образложени предлозите на плановите за Советот за националните малцинства на РХ, едногласно беа усвоени од членовите.

А. Г.



# Од мајчините раце

На 16 октомври 2024 година под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, во рамките на манифестацијата „Денови на македонската култура“, МКД „Билјана“ од Задар отвори изложба под назив „Од мајчините раце“.

Изложбата беше со изработки од етно работилницата „Герѓев“, која успешно ја води членот на Друштвото, Драган Јакимовски. Така, беа изложени многу различни изработки од членовите на оваа секција, хеклани, везени, плетени, предмети од волна и, се разбира, накит кој оваа година доби голем акцент на изработка.

По поздравниот говор на претседателката Мирјана Мајиќ, настапи пејачката секција „Билјана“, која ја води Мелика Поповиќ, а потоа членовите на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“, под водство на Мајиќ, прочитаа по една авторска песна.

На оваа изложба беа присутни и гости поети, кои читаа своја поезија: Емилија Мијатовиќ, Марија Ивош, Анка Зекановиќ и други. Се разви и оро со водителката Мимоза Јевремовиќ, а се пееја и песни. Изложбените изработки ги восхитија присутните, а пофалбите се поттик за понатамошна работа. Кулинарската секција, пак, претстави дел од своите деликатеси.

А. Г.



# Со поетски збор против насилството над жените






Во кафе галеријата „Ѓина“ во Задар на 25 ноември 2024 година по десетти, јубилеен пат, се одржа програмата „Со поетски зборови – Стоп на насилството над жените и насилството воопшто“. Како зачетник на оваа манифестација се смета Лидија Пуѓак, која ја прошири на меѓународно ниво.

Поетите од Задар, секоја година се собираат и даваат свој придонес на манифестацијата која има за цел да се проговори и да се застане на крај на секаков облик на насилство, особено врз жените. Собрани од водителката Емилија Мијатовиќ, секој поет и поетеса си ги кажуваше своите стихови кои носеа голема тага. По некој вистинит случај – и токму во времето кога е убиена седумнаесеттата жртва, жена во Хрватска. Поетите се луѓе со длабоки чувства. Во програмата учествуваа две поетеси од МКД „Билјана“, Мелика Поповиќ и Мирјана Мајиќ, и на тој начин и тие дадоа свој придонес во оваа програма.

А. Г.

# Македонска седенка

Програмата „Македонска седенка“ е одржана во рамките на „Деновите на македонската култура“ во Задар, каде учествуваа сите секции на Македонското културно друштво „Билјана“. Се пееја македонски песни, се читаше поезија, се играше оро и сите се почестија со подготвената закуска од секцијата „Македонска трпеза“, а етно работилницата изнесе пред присутните новоизработен накит.

Програмата се одржа во просториите на Друштвото на 13 декември 2024 година. Членовите и гостите изнесоа многубројни сеќавања од старата година, и се водеа интересни дискусии и разговори. Инаку, оваа програма Друштвото ја реализира секоја година, а за време на одржувањето понекоја членка или член работи нешто, како што е плетење, хеклање, изработка на украси и друго.

А. Г.



# Божиќ во МКД „Билјана“

**Во „Деновите на македонската култура“, а под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, на 7 јануари 2025 година МКД „Билјана“ го одбележа овој светол ден**

Најнапред се зборуваше за обичаите и легендите врзани за празникот Бадник. Како што Бадник почнува да се обележува со деца кои одат по куќите и пеат божиќни песни, така и членовите пееја „Коледе леде“ и им даруваа овошје на присутните членови и гости на оваа програма во Друштвото.

Потоа претседателката на Друштвото, Мирјана Мајиќ, ги објаснуваше обичаите, прво оној со палење оган. Таа рече дека денеска огновите се палат повеќе во селата, но сепак има и во градовите, каде што се куќите или зградите доста оддалечени, односно каде што има услови за палење оган. Огнот се пали од божикови или дабови дрва. Сите одат околу него и пеат обредни песни и сѐ додека не изгори и последното дрво и огнот сам не згасне, никој не си оди.

Вечерта домаќинот на куќата чука на вратата и на домаќинката и вели: „Добра вечер Бадник“, а таа одговара: „влези Бадниче..., добредојде.“

## Погача со паричка

Софрата мора да биде полна со посни јадења. Централно место зазема погачата или лепчето со паричка кое го посветува домаќинот и крши онолку парчиња колку што моментално во куќата има членови, а притоа првото парче е наменето за Господ, второто за куќата, а третото за домаќинот. Притоа, сите се возбудени кај кого ќе падне паричката.

- Тој обичај го направивме и ние во Друштвото. Оваа година паричката падна кај нашата членка Јелена Петровиќ. Ѝ посакавме на Јелена многу среќа во текот на годината, а таа вети дека следната година таа ќе ја прави погачата. Од масата не се крева јадењето... се верува дека ноќта ќе дојде Господ и ќе јаде. За Божиќ се оди рано во црква. Се верува дека скараните во црква после причестувањето треба да се помират. Младите жени и девојки одат во овоштарниците и врзуваат ленти за да бидат плодни. Ручекот на Божиќ мора да биде богат со мрсни јадења и слатки. Ако некој дојде да честита Божиќ, се верува дека би било најубаво прво да биде младо дете или момче, машко како симбол на јачината, говореше Мајиќ.

Обичаите и легендите кажани за Бадник и Божиќ некои од гостите ги слушнаа по прв пат и многу им беше интересно. Сето ова беше проследено со македонски песни и ора, и читање поезија во која учествуваа и гостите. На настанот учествуваа и сите секции на Друштвото, а кулинарската секција „Македонска трпеза“ во вистинска смисла ја наполни трпезата со многубројни јадења.

Антонела Галиќ



Ин мемориам — In memoriam




# Даница Вербич

## (1935-2024)

На 21 декември 2024 година почина нашата членка Даница Вербич. Родена е во Крагуевац 1935 година. Беше долгогодишна членка на нашето Друштво. Иако не беше Македонка, таа беше присутна на секоја наша средба, било да е дел од програмата, или дружење. Ни остави голем и убав впечаток, ќе ја памтиме по нејзината добрина и насмевка. А како би можеле и да ја заборавиме кога ни остави многу убави изработки што ги работеше во етно работилницата „Ѓерѓев“ на МКД „Билјана“. Членовите на Друштвото ѝ оддадоа последна почит на 24 декември кога ја испратија на вечен починок. Големо и искрено сочувство им изразуваме на нејзината ќерка, синот и внуците. Почивај во мир Дано!

А. Г.

# „Дострели на една визија“ и „Пријател на Македонија“ за *Јадранка Косор*

***Во Загреб на 18 ноември беше доделено признание „Пријател на Македонија“ на Јадранка Косор и промовирана книгата „Дострели на една визија“ со поднаслов Хрватско-македонска тангента***



Во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, на 18 ноември пред бројни угледни личности од општествениот и културниот живот во Хрватска, беше промовирана книгата „Дострели на една визија“ од авторите Сашо Георгиевски, политиколог и Љупчо Арсовски, амбасадор. Во рамките на настанот, од страна на невладината организација Хрватско-македонска тангента, која беше организатор, беше доделено признанието „Пријател на Македонија“ на поранешната премиерка на Хрватска, Јадранка Косор. Станува збор за највисоко признание кое до сега им е врачено на Стипе Месиќ, Иво Јосиповиќ и на градоначалникот на Шибеник, д-р Жељко Буриќ.

„Со особена чест го примам ова признание бидејќи низ мојата работа и дејствување како политичарка навистина од сѐ срце ја подржував и ќе ја подржувам Македонија на нејзиниот европски пат. Сметам дека Македонија е ставена во многу незавидна и неправедна ситуација, но се надевам дека ќе го најде и оствари патот до нејзината цел, рече Јадранка Косор, заблагодарувајќи се за признанието.

Таа нагласи дека овој гест ѝ е посебно важен бидејќи политичарите кога не се на власт, јавноста ги заборава.

## Културна дипломатија

И третиот хрватски претседател Иво Јосиповиќ, кој е и почесен член на Хрватско-македонската тангента, истакна дека сите досегашни хрватски претседатели, премиери и политичари ја поддржувале Македонија на патот кон ЕУ и се надева дека тоа ќе биде така и во иднина.

- Хрватска е навистина голем поддржувач на Македонија. А дејноста на Хрватско-македонската тангента во која сум вклучен како почесен член е навистина значајна во приближувањето и продлабочувањето на врските не само меѓу Македонија и Хрватска, туку и пошироко во регионот, посочи Јосиповиќ.

Георгиевски, претседател на невладината организација Хрватско-македонска тангента, и Арсовски, водител на Комисијата за меѓународна соработка, мошне пластично и со многу примери, корисни парадигми и сугестии во книгата ја претставија дејноста на невладините организации, поконкретно дејствувањето на Хрватско-македонската тангента. Акцент е ставен на културната дипломатија која станува клучна алатка за зачувување на културните идентитети во контекст на глобализацијата.



На настанот во Загреб, гостите ги поздравија македонскиот амбасадор во Хрватска, проф. д-р Милаим Фетаи и директорката на КИЦ, Мими Ѓоргоска Илиевска.

Во музичкиот дел настапи Виктор Рафајловски, студент на Музичката академија на Универзитетот во Загреб.

Настанот се одржа под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, со чија помош е печатена книгата „Дострели на една визија“.

М. Г.



# Драгољуб Сиљаноски со уште една промоција и награда



*Оваа година за претставникот на македонското национално малцинство за Осиечко-барањската жупанија беше навистина плодна*




Покрај бројните присуства на различни настани во организација на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, на македонскиот Културно-информативен центар и на Осиечко-барањската жупанија, како и средбата со европарламентарецот Давор Иво Штир и секако, активностите со неговото МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек, годината за Сиљаноски ја заокружија два посебни моменти.

„Убаво е кога ќе добиеш признание за својата работа. Јас сум претприемач, занаетчија, и навистина се трудам да работам квалитетно и во исто време да придонесам за ширењето на македонската култура. Затоа, признанието на Комората на занаетчии на ОБЖ по повод 30. јубилеј од нивното работење, ми е вистинска чест“, рече Сиљаноски.

Имено, на 16 декември 2024 година, ОБЖ го одбележа големиот јубилеј од своето постоење и во таа прилика им додели признанија за придонес на квалитетот на струката и промоција на творештвото на истакнати членови на Комората, меѓу кои беше и Сиљаноски. На настанот учествуваа претседателот на Хрватската комора на занаетчиите, Далибор Кратохвил, на комората на ОБЖ, Стјепан Бировиќ, претставничката на Хрватскиот сабор, Наташа Трамишак и заменикот жупан на ОБЖ, Јосип Милетиќ.

## „Македонија, така далечна, а така блиска“

Но, за Драгољуб сепак најубав настан беше оној во средното училиште „Исидор Кршњави“ во Нашице на 12 декември во организација на училиштето и на МКД „Браќа Миладиновци“ и под покровителство на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска. Тој ден во свечената сала на училиштето беше претставена книгата на Сиљаноски, „Македонија, така далечна, а така блиска“, каде учествуваа ученици од медицинската струка, општата гимназија, јазичната, природно-математичката и економската струка. На настанот присуствуваше и градоначалникот на Нашице, Крешимир Кашуба, а воведно присутните ги поздрави директорот на училиштето, Жељко Фиљак.

Програмата ја водеше проф. Лилјана Касаповиќ, а историскиот период на кој се однесува книгата на Сиљаноски го претстави проф. Кристина Новак. Програмата ја збогатија и две музички точки во изведба на учениците Аља Хричка и Нико Девалд, а делови од книгата прочитаа Ингрид Глиша и Ема Бандало.

„Со овој настан беше одбележан и Месецот на книгата, а мене ми беше чест да поразговарам со учениците околу тоа како мојата книга настана и што ни донесува еден таков, необичен историски приказ на македонско-хрватските односи“, рече Сиљаноски.

ЈулијанаТешија

НАСТАНИ

# Проширување на членството на МКД „Браќа Миладиновци“



На 28 ноември 2024 година во Осиек, во просториите на МКД „Браќа Миладиновци“ се одржа Вонредно собрание на Друштвото. На Собранието се расправаше за две точки: Планот и програмата за работа и Финансискиот план за 2025 година.

Собранието го отвори претседателот на Друштвото, Борис Трајановски, кој воедно поднесе и извештај за работата во минатата година. Предлозите и плановите за следната година, по отворената дискусија, беа едногласно прифатени од страна на присутните членови, како и предлог-финансискиот план. Заедничко беше задоволството од оствареното, но и заклучок беше дека Друштвото треба да работи на проширување на својата база на членови и привлекување на нови членови – Македонци, но и други заинтересирани за македонската култура и сограѓани од Р. Македонија кои се доселени во Осиек.

J. T.

# Денови на македонскиот филм

Овогодинешните „Денови на македонскиот филм“ во Осиек му беа посветени на творештвото на познатиот македонски филмски режисер Бранко Гапо. Гапо (1931-2008) е еден од најпознатите, најплодните и најнаградуваните македонски режисери. Тој е и еден од основоположниците на македонската кинематографија со над 40 документарни и 7 играни филмови, драмски, телевизиски и радио претстави.

На 13 декември 2024 година членовите на МКД „Браќа Миладиновци“ имаа можност да ги погледнат филмовите „Време без војна“ (1969), филм направен според сценариото на Симон Дракул, со познатата Неда Арнериќ во главната женска улога и „Најдолгиот пат“ (1979) со неверојатниот Ристо Шишков во главната машка улога. Обата филма се наградени со сребро: „Време без војна“ со сребрен медал во 1972 година на Меѓународниот филмски фестивал Авелино, и сребрената арена за „Најдолгиот пат“ на Филмскиот фестивал во Пула во 1976 година.

„Филмовите се потресни и во исто време полни со надеж“, рече Иван Черба, кој во нив препозна не само приказ на историската драма на македонскиот народ, туку и на длабоката човечка приказна за борбата, надежта и издржливоста.

J. T.



# Владиката Пимен во Риека



По цели седум години, на 9 декември 2024 година во просториите на МКД „Илинден“, со голема радост верниците на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“, го пречекаа драгиот гостин, неговото високопреосвештенство Митрополитот Европски г Пимен, придружуван од протојереј-ставрофор Кирко Велински и о. Дејан Белчовски.

На информативниот дел од средбата со верниците беше прочитана одлука со која о. Дејан Белчовски се назначува за редовен свештеник во црковните општини во Риека и Пула со седиште во Риека од 1 јануари 2025 година. Воедно, му беше изразена голема благодарност на о. Кирко за досегашната работа, пожртвуваност, преданост, смирение и пастирска грижа, а на отецот Дејан му посакаа успех во натамошната работа во Риечко-пулската парохија.

Г. К.

# Рождество Христово – Божиќ

*Во предвечерието, во светата и светла ноќ на пресветлото Рождество Христово блесна нашиот храм во Загреб со невечерната светлина од Витлеем и со неизречливата радост на Ангелите небески*

Како и секоја година, оваа возвишено таинство на Божјото воплотување и вочовечување беше прославено со молитвено радување и благодарење, како и со величествена литургиска убавина.

## Литургија

Празничната радост по свечената Вечерна богослужба на Бадник, оваа година за прв пат беше збогатена со дечињата кои ги пееја божикните песни кои со радост ја пренесуваа спасителната вест за Раѓањето на Христос. Овие омилени песни, исполнети со длабока вера на дечињата, ги поврзаа срцата на сите присутни во црквата потсетувајќи ги на витлеемската ноќ од пред повеќе од две илјади години. Изразуваме неизмерна благодарност до дечињата кои макотрпно доаѓаа на проби, родителите кои ги доведуваа и посебно на маестрото Дамијан Каранфилов кој ги подготвуваше.

Утредента по Божествената Василиева Литургија на Божиќ, верниците продолжија со богоугодно дружење во црковната сала „Тоше Проески“.

И вечерта на Бадник на крајот и утредента по Божествената Литургија, протојереј-ставрофор Кирко Велински со топло родителско срце им подели божикни пакетчиња на сите дечиња, кои беа донирани од Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и Хрватскиот Каритас. И во оваа прилика им благодариме за ова богоугодно дело. А на сите кои имаа потреба, од УО на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ им беа подарени хуманитарни пакети.

## Богослужби и во Риека, Пула и Сплит

Во овој радосен празник, Раѓањето на Господ, Му благодариме неизмерно на Бога за дарот на животот, за светлината и љубовта што ни ги донесе во светот. Божиќ е ново раѓање и за сите нас – остварување на повикот дека сме повикани да живееме како деца на незаодната светлина.

Изгревот на Изгревите, Кој денес ни засветли од Витлеем јудески преку пречистата Дева Марија, да го озарува вашиот живот со незаодната светлина на Невечерниот Ден, и спокојот Негов што го надминува секој ум, да се насели и во вашите срца.

Богослужби се одржаа во Загреб, Риека, Пула и Сплит. На крајот од Богослужбата беше прочитана Посланицата од Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Митрополитот Скопски и на Јусинијана прва г г Стефан заедно со членовите на Светиот Архиерејски Синод на МПЦ-ОА.

Протојереј-ставрофор
Кирко Велински



*Пула*



*Загреб*



*Риека*



*Сплит*

# „Македонскиот готвач“ *пред осиечката публика*

***Јулијана Младеновска-Тешија, уредничка, преведувачка и промоторка, во претставувањето на книгата истакна дека храната не е само вкус: таа е мирис и носталгија по детството, по татковината, сеќавање на најмилите кои можеби не се веќе со нас, но и канал за пренесување на идентитетот кон идните генерации***



На 26 октомври 2024 година, во рамките на овогодинешните „30. Денови на македонската култура“ во Осиек, во преполната Галерија „Валдингер“ беше претставена книгата на Марија Чинчурак, „Мајкиниот македонски готвач“. Ѕидовите на Галеријата ги украсија аматерските слики на членовите на ликовната секција на МКД „Браќа Миладиновци“.

„Голема ми е радоста што пред Заедницата на Македонците во Р. Хрватска како издавач, и во име на МКД „Браќа Миладиновци“ како организатор, вечерва сме овде со нашата долгогодишна членка Марија Чинчурак, која ја претставува својата книга која не е само готвач, туку и семејна историја“, рече во воведното излагање Борис Трајановски, потпретседател на ЗМРХ и претседател на МКД „Браќа Миладиновци“.

Настанот започна со прекрасно изненадување: ритам секцијата на ФС „Блажевски“ ја придружија Марија со зурли и тапан да влезе во салата, а потоа со песна им се придружија и „Вардарки“.

Јулијана Младеновска-Тешија за авторката рече оти Марија умешно ги поврзала приказната за семејството со рецептите, давајќи му на читателот можност да ја запознае интимно како креативна, посветена и вредна жена, мајка и членка на Друштвото.

## Спомени

Искажувајќи благодарност на Заедницата на Македонците во РХ за поддршката и на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска за финансирањето, авторката за книгата рече дека таа е сеќавање на сè што ја научиле нејзините баба и дедо, мајка и татко, но и „спомен за тоа како дојдовме од Струга и Тетово прво во Војводина па во Хрватска, најнапред во Винковци, а потоа во Осиек, и како словачката култура на сопругот и македонската се преплетуваат во мојата кујна“.

Книгата содржи 46 рецепти и бројни оригинални фотографии на јадењата кои се направени од авторката, но и фотографии и приказни за нејзиното семејство. Најнеобичната е на корицата со семејството Кирови како подготвува сладолед во Војводина на почетокот на 20. век, а книгата е богата и заради трите рецензии на д-р Јованка Дамоска Секулоска, Билјана Костова и починатата Јагода Тренеска Цветичанин.



„Многу ми значат рецензиите, но најповеќе онаа од Јагода, која ја заврши токму кога замина во болница, од која за жал не се врати. Таа ме поттикна да ги ставам на хартија рецептите, оти веруваше дека така најубаво се памти, кога историјата се забележува во книга“, рече Чинчурак.



На крајот, таа истакна оти се надева дека оваа книга ќе ги збогати и осиечани. „Оваа книга му е подарок и на мојот град кој ја поддржува и почитува македонската култура“, рече Маја.

Бројните граѓани стрпливо чекаа на книга со потпис и се интересираа за работилници во кои ќе можат да ги испробаат рецептите, а медиумите земаа изјави од авторката. Сите, пак, заедно по промоцијата уживаа во полната трпеза што ја подготвија членките на етно-кулинарската секција „Везилки“.

Јулијана Тешија

# ПОДМЕТ
*(2. дел)*

Во секојдневното општење, но особено во уметничката литература, а најмногу во поезијата, зборовите често се употребуваат надвор од нивното основно значење. Ова се одразува и на подметот, на пример: - ***Зурлите*** *веќе сосем тенко плачат*. (В. Манчев); - *Ќе дојде* ***пролетта***. (Ј. Котевски); - ***Сонцето*** *се раѓа*. (Ж. Чинго); - ***Селата*** *сами в ридје спијат*. (М. Матевски); - *Ме носи* ***возот*** *бездушно // низ ветришта и мразни колосеци*. (Ц. Андреевски); - ***Северниот ветрец*** *секоја вечер им дотураше трескотни грмотевици*. (К. Мисиркова-Руменова).

Во функција на подмет се јавуваат:

а. **именки**, кои можат да бидат употребени самостојно или со придавки и со броеви. Примери: - ***Шарената ластовица*** *летка ниско пад земјата*. (Ж. Чинго); - ***Златокосите девојки*** *// денеска пееја проштална песна*. (Ц. Андреевски); - ***Чекањето*** *си има ред и крај*. (В. Иљоски).

б. **заменки**: - ***Ние*** *се вративме дома*. (Т. Георгиевски); - ***Таа*** *имаше пет декари лозје*. (К. Мисиркова-Руменова).

в. **придавки**: - ***Стариот*** *се замисли*. (К. Чашуле).



г. **броеви** (најчесто со заменки или со именки): - ***Тие двете*** *дојдоа после*. (разговорно); - *Вчера беа промовирани* ***дваесет доктори на науки*** (од печатот).

д. Во функција на подмет може да се јави и да-конструкцијата: - *Не е здраво* ***да се пуши***. Место да-конструкцијата можеме да употребиме глаголска именка: - ***Пушењето*** *не е здраво*.

ѓ. Во функција на подмет може да се јави и **односна зависна реченица**: - ***Кој не работи***, *не треба да јаде*. (пословица). Овде: *кој не работи – неработникот*.

Лидија Георгиева
Постојан судски преведувач од македонски на хрватски јазик и обратно
(Според „Македонски јазик", Просветно дело АД, Скопје, 2001)





*PREVODITELJI I SUDSKI TUMAČI ZA MAKEDONSKI, BUGARSKI, UKRAJINSKI, ENGLESKI, NJEMAČKI, SLOVENSKI, TALIJANSKI, FRANCUSKI I OSTALE JEZIKE*

*Stručni i kvalitetni prijevodi s područja prava, gospodarstva, medicine, farmacije, religije, arhitekture, građevine, strojarstva.*

*OBRATITE NAM SE S POVJERENJEM!*

# Симбол на добрина, заштита и дарежливост

### *Прославата за Свети Никола е повод за заедништво и обединување на вредностите кои го одржуваат духот на заедницата*

Свети Никола, еден од најпочитуваните светители во македонската православна традиција и заштитник на морепловците, сиромашните и децата, претставува симбол на добрина, заштита и дарежливост. Легендите раскажуваат за неговата безмерна добрина и великодушност, што се одразува и во начинот на кој Македонците го слават овој празник. Во многу домови, Свети Никола е семејна слава.

Овој празник, кој секоја година се прославува на 19 декември, е повод за заедништво и обединување на вредностите кои го одржуваат духот на заедницата. Во рамките на културната манифестација „Денови на македонската култура“, и оваа година МКД „Охридски бисер“ од Загреб го прослави празникот со пригодна програма, песна и богата трпеза. Прославата се одржа во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска со членовите на Друштвото и нивните пријатели и гости, под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ.

За обичаите говореше Горан Коров, а пејачката група „Моми бисерни“ дополнително ја развесели атмосферата со неколку македонски народни песни. Еден од најубавите мигови на свеченоста беше споделувањето честитки со желби за здравје, мир и благосостојба.

Особено значаен дел беше и дарувањето, особено на најмладите. Претседателката на Друштвото, Виолета Штерјова, ги изненади децата со мали подароци, пакетчиња и слатки. Овој чин ги учи на вредноста на добрината и споделувањето.

Крајот на годината е време кога заедницата се сплотува, а Свети Никола нè потсетува дека вистинската радост доаѓа од давањето. Неговото празнување е одраз на топлината и духот на македонскиот народ кој со векови ја негувал оваа прекрасна традиција.

Елизабета Петровска





*Prijevod osobne, poslovne, pravne i medicinske dokumentacije s ovjerom sudskog tumača za građane i tvrtke. Prijevod stručnih tekstova.*

**ZAUMPRIJEVODI**

engleski njemački arapski
ukrajinski slovački
makedonski slovenski
srpski bosanski

Maksimirska 40, 10000 Zagreb
M: 095/5969-047 T: 01/7789-311
E: zaum.prijevodi@gmail.com
www.zaum-prijevodi.hr

# ВКУСОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА



## Мафини

**Потребно е:** 3 јајца, 200 г сирење, 200 г рендана шунка, 200 г брашно, 200 мл млеко, прашок за печиво, 1 лажица сол, малку оригано, сусам.

**Подготовка:** Во изматените јајца се додаваат млекото, брашното, сирењето, шунката и останатите состојки. Сè добро се меша и смесата се распоредува во хартиени кошари во калап за мафини. Одозгора се наросува сусам. Се печат 30 минути на 180 степени.

## Ориз со праз



**Потребно е:** 2 страка праз, 1 главица кромид, 200 г ориз, 400 г мелено месо, масло за јадење, сол, Вегета и црн пипер.

**Подготовка:** Во тава намачкана со зејтин се пржи една главица ситно исечкан кромид. Во него се додаваат оризот и месото, па се зачинуваат со сол, Вегета и црн пипер и се пропржува 2-3 минути. Празот убаво се мие и се сече на крукчиња. Во огноотпорен сад за печење се става малку масло на дното, па се става еден слој од исечканиот праз, врз него се додава смесата со месото и оризот и се завршува со уште еден слој од сечканиот праз. Се додава топла вода до висина на смесата и се пече во загреана рерна околу 30-тина минути.

## Гнезда од лешник



**Потребно е:** 200 мл вода, 250 г мелени бисквити, 200 г шеќер, 150 г путер, 100 г темно чоколадо за готвење, 150 г мелени лешници; **за декорација:** 150 г мелени печени лешници или шарени трошки и околу 150 г крем намаз („Линолада“ или др.).

**Подготовка:** Прво во длабок сад се ставаат водата, шеќерот, путерот и чоколадото и треба да зовријат на тивок оган. Потоа во смесата се додаваат бисквитите и мелените лешници (треба да бидат печени и топли). Смесата се остава да се излади и стегне, може да се стави во фрижидер одредено време. Од стегната смеса се прават топчиња со влажни раце, па се валкаат во мелени лешници или чоколадни и шарени трошки. Се ставаат во плех и со помош на рачка од сукало се втиснува вдлабнатина во која се става чоколадниот намаз. Се оставаат во фрижидер да се стегнат. Од наведената смеса излегуваат околу 60 ситни колачиња, односно гнезда.

М. Г.

# РАДОВИШКИТЕ ШЕПОТИ ОД МИНАТОТО














Радовиш, симпатично мало гратче во југоисточниот дел од Македонија, крие во себе мистична убавина што тивко го освојува секој што ќе зачекори на неговите улици. Неговиот шарм е во пејзажите, историјата, луѓето и животот што пулсираат на секој агол. Седиште е на Општината Радовиш и втор по големина во регионот. Сместен во подножјето на планината Плачковица го зафаќа северозападниот дел од пространата Струмичко-радовишка Котлина. Се простира на површина од околу 4 км², на надморската височина од 380 м. Од соседните градови Штип и Струмица оддалечен е 30-тина км.

В зори, кога сонцето се издига над Плачковица, градот оживува со звуците на природата додека мирисот на свежина се меша со утринската роса, а пределот се обојува со топли тонови. На север му е Плачковица, на југ планината Смрдешник, на северозапад се наоѓа ридестиот дел на областа Јуруклук или Дамјанско Поле, а на југоисток се протега рамнината на Радовишка Река. Градот е богат е со извори на питка вода и минерални води. Радовишка или Стара Река и помалите Сушица и Марлада поминуваат низ него и во проѕирните води со себе носат шепоти од минатото. Под влијание на умерено средоземно-континентална клима изобилува со дабова, букова и четинарска шума, и е идеално место за рекреативен и спортски, ловен и риболовен, рурален и археолошки туризам.

Легендата вели дека средновековната кнегиња од словенско потекло, Рада, живеела во тврдината над градот, чиишто урнатини сѐ уште постојат. Кога непријателска војска ја нападнала тврдината со цел да ја освои, гардата го забележала нападот и викнале по Рада: „Радооо, виш, Радо, виш“. Така градот го добил името Радовиш.

Централниот дел на градот е како жив музеј. Старите куќи и улици раскажуваат за времињата кога бил значаен регионален културен, рударски и трговско-занаетчиски центар, кој за првпат се споменува во 1019 г. во Грамотата на византискиот цар Василиј II. Соборната црква „Св. Троица“ во Радовиш е една од најубавите, најбогатите и најукрасените автентични православни цркви на Балканот. Градот е познат и по чаршијата, Стариот мост, „Етнолошкиот музеј“, „Крстот над Радовиш“, по тутунот, текстилната и фармацевтската индустрија и рудникот за бакарна руда „Бучим“, но и по срдечноста и гостопримливоста на мештаните.

А кулинарството е уште еден бисер што вреди да се спомене. Самун, татлија, нишпиде, сазрдма, баклава, алва, кадинки, к'цана сол од афионово семе, маџуни и ашуре се само дел од автохтоните специјалитети што ја прават посебна радовишката кујна и привлекуваат најголемо внимание кај посетителите.

Елизабета Петровска